Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 246, 15 јануари 2020 година

јануари 2020 година

Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 3**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ РОМАНИСТИКА И ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА НА РОМАНСКИТЕ НАРОДИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 31**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ КЛИНИЧКА ПСИХОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 53**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Виолета Карагунова
Техничко уредување: Славе Димитров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-184/6 од 18.12.2019 година донесена на 188 седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 18.12.2019 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област Граѓанско право на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

1. професор д-р Гале Галев, редовен професор во пензија, област Граѓанско право (претседател).
2. професор д-р Игор Камбовски, вонреден професор, област Граѓанско право (член).
3. професор д-р Борка Тушевска Гавриловиќ, вонреден професор, област Деловно право (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” од 30.11. - 01.12. 2019 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

- Марија Амповска, доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Пријавата на кандидатката е навремена, комплетна и ја содржи следнава документација:

1. Диплома за одбранет докторски труд во оригинал и три копии заверени кај нотар.
2. Диплома за одбранет магистерски труд во оригинал и три копии заверени на нотар.
3. Диплома за завршени додипломски студии во оригинал и три копии заверени на нотар.
4. Уверение за положени испити на постдипломски студии бр. 09-15 од 09.02 2012 година, среден успех 9,75, заверено кај нотар.
5. Уверение за положени испити на додипломски студии, бр. 09.5/147 од 13.03.2007 година, среден успех 9,57, заверено кај нотар.
6. Кратка биографија во четири примерока.
7. Список на објавени научни и стручни трудови.
8. Уверение за завршен прв степен по германски јазик заверено на нотар и диплома за завршен прв степен по италијански јазик.
9. Еден примерок од докторски труд.
10. Уверение за државјанство од 01.11.2019 година.
11. Објавена интерна скрипта и практикум за предмет Облигационо право, достапни на е-библиотека на УГД, на следниот линк http://e-lib.ugd.edu.mk/863 и http://e-lib.ugd.edu.mk/864.
12. Одлука бр. 0201-545/9 од 29.05.2017 на Универзитетски сенат за одобрување на научно-истражувачки проект насловен како Улогата и значењето на државното правобранителство во правосудниот систем на Р. Македонија, раководител професор Игор Камбовски, истражувач доцент Марија Амповска.

13. Одлука на Наставно-научен совет на Правен факултет при УГД бр. 1102-107/6 од 12.05.2016 година за избор за одговорен уредник на меѓународно научно списание на Правен факултет, Balkan Social Science Review.
14. Потврда за рецензент на трудови од областа граѓанско право во меѓународно научно списание на Правен факултет, Balkan Social Science Review.
15. Одлука бр. 1102-83/14 од 31.03.2016 година на ННС на Правен факултет за избор за член на Комисија за самоевалуација на Правен факултет.
16. Решение на Одбор за акредитација и евалуација на високото образование бр. 0801-318/2 од 22. 03. 2017 година.
17. Потврда за член на Уредувачки одбор на годишен „Зборник радова Правног факултета Универзитета у Приштини са привременим седиштем у Косовској Митровици " за 2018 година.
18. Потврда за рецензент на труд од областа Облигационо право предложен за Зборник на трудови, Правен факултет во Ниш, 2019 година.
19. Одлука бр. 1102-50/48 од 20.02.2019 година за избор во член на Организационен одбор на 6-та меѓународна конференција на Правен факултет при УГД и член на Програмски одбор на истата.
20. Потврда за рецензент на предложени трудови за Зборник на трудови од 6-та меѓународна конференција на Правен факултет при УГД.
21. Одлука за избор во член на конкурсна комисија за студиска 2016/17 година бр. 1102-98/6 од 22.04.2016 година.
22. Одлука за назначување за ментор за студиски програми на генерацијата 2016/17, бр. 1102-201/63 од 07.11.2016 година.
23. Сертификат за учество на 6-та Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" одржана на 5-ти и 6-ти септември 2019 година во организација на Правен факултет во Штип.
24. Сертификат за учество на ECLIC International Scientific Conference „EU and Member States – legal and economic issues” 6-7 June 2019, во организација на Правен факултет, J.J. Strossmeyer University of Osijek.
25. Сертификат за учество на Научна конференција со меѓународно учество „Правото во функција на развој на општеството" од 24 мај 2019 година, Правен факултет, Универзитет во Приштина.
26. Сертификат за учество на Меѓународна научна конференција „Право и мултидисциплинарност" на Правен факултет во Ниш, одржана на 12-13 април 2019 година.
27. Сертификат за учество на Работилница под наслов „Правила за одговорност за штета и надомест на штета" организирана од страна на Паралегални студии во соработка со канцеларија за Еразмус соработка на Универзитет во Кападиокија, од 25-26 октомври 2018 година, во Мустафапаша, Кападокија, Турција.
28. Сертификат за учество на Тркалезна маса на тема „Местное самоуправление в контексте политическои, правнои и управленческои культуры" одржана на 17 септември 2018 година на Правен факултет, Државен универзитет во Воронеж, одржана во Воронеж, Русија.
29. Сертификат за учество на 5-та Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", 6 и 7 септември, 2018 година, Правен факултет, Универзитет "Гоце Делчев" во Штип..

30. Сертификат за учество на Научна конференција со меѓународно учество „Универзално и особено во право" 18 мај 2018 година, Правен факултет, Универзитет во Приштина.
31. Сертификат за учество на Меѓународна научна конференција „Правото пред предизвиците на современото доба" на Правен факултет во Ниш, 13-14 април 2018 година.
32. Сертификат за учество на 4-та Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", 6 и 7 септември, 2017 година, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
33. Сертификат за учество на 3-та Меѓународна научна конференција „Ефективна заштита на човекови права и слободи: реалност или идеал" во организација на Јуридика Прима, Институт за правно-економски истражувања и едукација, одржана на 12-14 мај 2017 година.
34. Сертификат за учество на Меѓународна научна конференција „Глобализација и право" на Правен факултет во Ниш, 21-22 април 2017 година.
35. Сертификат за учество на 3-та Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", 1 и 2 септември, 2016 година Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
36. Сертификат за учество на меѓународна конференција „Миграција на море: Перспектива на Меѓународното право и регионални пристапи", 6 октомври 2015 година во организација на Правен факултет во Штип и MARSAFENET.
37. Сертификат за учество на 2-та Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", 3 и 4 септември, 2015 година, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во коорганизација со Правен факултет, Универзитет во Воронеж, и Факултет за право, политички науки и Криминологија, Универзитет во Лиеж, Белгија.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест и задоволство ни е на Наставно - научниот совет на Правен факултет да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката Марија Амповска е родена на 24 февруари 1984 година во Пробиштип. Таму го завршува основното и средното образование со континуиран одличен успех.

На 10. 07. 2002 година се запишува како редовен студент на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Дипломирала на правни студии – Граѓанско - правна група на ден 2 март 2007 година со просечен успех 9, 57 и како втора по успех во својата генерација наградена е со сребрена статуетка „Сребрен Јустинијан" и се стекнува со звање дипломиран правник (Граѓанско - правна насока).

Веднаш по дипломирањето започнува со приправнички стаж во адвокатска канцеларија во Штип. Во меѓувреме, од страна на Матичната комисија за основање на Државниот Универзитет „Гоце Делчев" во Штип е избрана за помлад асистент на Правниот факултет во Кочани. Почнувајќи од 2 јули 2007 кандидатката заснова редовен работен однос како помлад асистент на Правниот факултет и работи на предмети од граѓанско – правната област. Во декември 2007 година се запишала на постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први"

во Скопје и согласно со Наставната програма ги положила предвидените испити со просечен успех 9,75. На 2 јули 2010 повторно е избрана за помлад асистент на граѓанско – правна област на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
Во мај 2011 година кандидатката успешно го одбранила магистерскиот труд под наслов „Граѓанско – правна одговорност за причинета штета" на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје и се стекнала со академски степен магистер на правни науки од областа на граѓанското право.
Во 2012 година е избрана за асистент на област граѓанско право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
На 4.5.2015 година успешно ја одбранува докторската дисертација по наслов „Основ на граѓанско - правната одговорност за нуклеарна штета" под менторство на проф. д-р Гале Галев на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и се стекнува со научен степен доктор на правни науки.
Со одлука на Наставно – научен совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип бр. 1102-187/27 од 25.06.2015 година е избрана за наставник во звање доцент за наставно-научна област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во рамките на прв циклус на студии е ангажирана во настава на прв циклус студии на Правен факултет за предметите Отштетно право, Облигационо право, Право на интелектуална сопственост и Право на осигурување. Во рамките на втор циклус на студии на Правниот факултет е ангажирана за предметите Авторско и сродни права, Право на осигурување, Европско отштетно право.
Кандидатката, во рамките на нејзината повеќегодишна работа во соработничко и во наставно-научно звање е автор на повеќе трудови и материјали за интерна употреба на предавања и вежби, учесник е на повеќе настани од значење за академската соработка и развој на граѓанско-правната научна мисла во државата и во странство, а се јавува и како организатор на меѓународни научни настани и уредник на изданија од меѓународно значење.
Ја познава компјутерската техника и ги користи нејзините програми и интернетот. Владее со англискиот и италијанскиот јазик активно и пасивно и има основни познавања од германскиот јазик.

***Законски (општи) услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студии на прв и втор циклус, за секој циклус посебно:
- Кандидатката има остварено просечен успех од 9,57 на студии од прв циклус и просечен успех од 9,75 од втор циклус на студии.
2. Научен степен доктор на науки од научната област за која се врши изборот:
- Кандидатката е доктор на науки од научна област граѓанско право со одбранета докторската дисертација по наслов „Основ на граѓанско - правната одговорност за нуклеарна штета" под менторство на проф. д-р Гале Галев на Правен факултет "Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.
3. Претходен избор во звање, односно доцент во научната област во која се избира:
- Со одлука на Наставно – научен совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип бр. 1102-187/27 од 25.06.2015 година кандидатката е

избрана за наставник во звање доцент за наставно-научна област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

4. Да има способност за изведување на високообразовна дејност:

- Кандидатката има способност за изведување на високообразовна дејност. Кандидатката учествува во наставата на прв и втор циклус на студии, се јавува како ментор на дипломски и магистерски теми, како и член на комисии за изработка и одбрана на дипломски и магистерски трудови, а има и богата научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност.

5. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик:

- Кандидатката има доставено потврди за познавање на германски и италијански јазик.

6. Објавени најмалку 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација:

- Кандидатката од изборот во доцент до денот на поднесувањето на пријавата има објавено 20 научни труда кои претставуваат референтни научни публикации во смисла на Законот за високо образование. Сите се објавени на е-репозиториум на УГД. Во прилог е табела на објавени трудови:

| Бр. | Автор | Наслов на труд | Списание | Година на објавување |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Мишева, Кристина и **Амповска, Марија** | Правни положај чланова обавезних пензијских фондова у Републици С. Македонији с акцентом на накнаду штете | Радно и социјално право часопис за теорију и праксу радног и социјалног права, 2 (научно списание со членови на меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји) | 2019 |
| 2. | Miseva, Kristina and **Ampovska, Marija** and Todorova, Biljana | Challenges and opportunities of the Macedonian pension system according the EU Recommendations (Social, legal and financial aspects). | EU and comparative law issues and challenges series (ECLIC 3), (публикација индексирана во Web od Science) | 2019 |
| 3. | Ampovska, Marija | Medical professional liability insurance in the Macedonian legal system | Collection of papers: The role of law in social development. Faculty of law in Kosovska Mitrovica, University in Pristina (зборник на рецензирани трудови со членови на меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји) | 2019 |
| 4. | Ampovska, Marija | Civil liability in medicine in the legal system of the | Collection of papers, Faculty of Law in Nis, Serbia (публикација индексирана во HeinOnline, | 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Republic of North Macedonia | EBSCO и CEEOL) | |
| 5. | **Ampovska, Marija** and Kambovski, Igor and Apasiev, Dimitar | The role and significance of the State's Attorney Office in the judicial system of the Republic of Macedonia (II) | Balkan Social Science Review, Vol.12.<br>(научно списание индексирано во Index Copernicus, EBSCO, CEEOL, HeinOnline, SCOPUS) | 2018 |
| 6. | Apasiev, Dimitar and Kambovski, Igor and **Ampovska, Marija** | The role and significance of the State's Attorney Office in the judicial system of the Republic of Macedonia (I) | International magazine for social sciences "VIZIONE " Skopje, XXXI<br>(научно списание индексирано во EBSCO) | 2018 |
| 7. | Ampovska, Marija | Compensation of damage in case of professional liability in legal professions under the law of the Republic of Macedonia | Collection of papers, Faculty of Law in Nis, Serbia No.81<br>(публикација индексирана во HeinOnline, EBSCO и CEEOL) | 2018 |
| 8. | Амповска Марија | Осигурување од одговорност на извршителот во македонското право | Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Правен факултет во Штип<br>(зборник на рецензирани трудови со членови на меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји) | 2018 |
| 9. | **Амповска, Марија** и Илиоски, Ристо | Видови на стекнување без основа | Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Правен факултет во Штип<br>(зборник на рецензирани трудови со членови на меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји) | 2018 |
| 10. | Ampovska, Marija | Lawyer's professional liability insurance in Macedonian law | Collection of papers from Scientific conference Universally and particularity at law, Faculty of law in Kosovska Mitrovica, | 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | University in Pristina<br>(зборник на рецензирани трудови со членови на меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји) | |
| 11. | Амповска, Марија | Однос на отштетното право и правото на осигурување во македонскиот правен систем | Годишен зборник на Правен факултет<br>(зборник на рецензирани трудови со членови на меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји) | 2017 |
| 12. | Ampovska, Marija | Insurance pools: Followers of classical insurance contracts in the field of nuclear law | Collection of papers, Faculty of law, University in Nis<br>(публикација индексирана во HeinOnline, EBSCO и CEEOL) | 2017 |
| 13. | Илиоски, Ристо и **Амповска, Марија** | Особини и дејство на стекнувањето без основа | Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“<br>(зборник на рецензирани трудови со членови на меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји) | 2017 |
| 14. | Амповска, Марија | Систем на доброволно здравствено осигурување во Р. Македонија - предности и слабости. | Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“<br>(зборник на рецензирани трудови со членови на меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји) | 2017 |
| 15. | Ampovska, Marija | Nuclear insurance pools worldwide: the role in the nuclear law | Balkan Social Science Review<br>(научно списание индексирано во Index Copernicus, EBSCO, CEEOL, HeinOnline, SCOPUS) | 2017 |
| 16. | Амповска Марија | Одговорност за неисправен производ во македонското право | Зборник на трудови од Трета научна меѓународна конференција “Општествените | 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | промени во глобалниот свет”<br><br>(зборник на рецензирани трудови со членови на меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји) | |
| 17. | Апасиев, Димитар и Амповска, Марија | Locatio conductio од Римското право и неговите современи „правни наследници“ (I) | Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет”<br><br>(зборник на рецензирани трудови со членови на меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји) | 2016 |
| 18. | Ampovska, Marija | The Convention on Supplementary Compensation for Nuclear Damage and participation by developing countries: A Western Balkans perspective | Balkan Social Science Review<br><br>(научно списание индексирано во Index Copernicus, EBSCO, CEEOL, HeinOnline, SCOPUS) | 2016 |
| 19. | Амповска, Марија | Правните предизвици при уредување на граѓанско - правната одговорност за штета причинета со нуклеарен инцидент | Јуридика – Списание за правни и општествени студии<br><br>(научно списание со членови на меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји) | 2016 |
| 20. | Амповска, Марија | Специфики на осигурувањето од граѓанско-правна одговорност за нуклеарна штета | Годишен зборник на Правен факултет<br><br>(зборник на рецензирани трудови со членови на меѓународен уредувачки одбор од најмалку три земји) | 2016 |

***Посебни услови согласно Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.***

1. Најмалку една рецензирана скрипта и практикум по предметот за кој се избира во соодветната научна област:
- Кандидатката во периодот од изборот во наставно-научно звање доцент до денот на поднесување на документацијата по конкурсот има објавено две скрипти од научната

област во која се избира и два практикуми кои кореспондираат со скриптите, кои се објавени на е-библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.
- Амповска, Марија (2019) Облигационо право-општ дел (интерна скрипта) ISBN 978-608-244-671-4, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Линк за е-библиотека http://e-lib.ugd.edu.mk/863.
- Амповска, Марија (2019) Практикум по облигационо право, ISBN 978-608-244-672-1, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Линк за е-библиотека http://e-lib.ugd.edu.mk/864.
- Амповска, Марија (2016) Отштетно право, воведни теми (интерна скрипта) ISBN 978-608-244-320-1, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Линк за е-библиотека: http://e-lib.ugd.edu.mk/546.
- Амповска, Марија (2016) Практикум по отштетно право ISBN: 978-608-244-321-8, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Линк за е-библиотека http://e-lib.ugd.edu.mk/545.

2. Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научно-истражувачките резултати:
- Кандидатката во периодот од 2018-2019 учествува во двогодишен научно-истражувачки проект поддржан од Научен фонд на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип насловен како „Улогата и значењето на државното правобранителство во правосудниот систем во Република Македонија" во својство на истражувач. Научно-истражувачките резултати од проектот се објавени во референтни научни публикации:
- **Ampovska, Marija** and Kambovski, Igor and Apasiev, Dimitar (2018) The role and significance of the State’s Attorney Office in the judicial system of the Republic of Macedonia (II). Balkan Social Science Review, Vol.12. pp. 37-57. ISSN 1857- 8799 (SCOPUS indexed journal, исто така индексиран во HeinOnline, EBSCO, CEEOL и Index Copernicus).
-Apasiev, Dimitar and Kambovski, Igor and **Ampovska, Marija** (2018) The role and significance of the State’s Attorney Office in the judicial system of the Republic of Macedonia (I). International magazine for social sciences “VIZIONE “ Skopje, XXXI (31). pp. 145-154. ISSN 1409-8962/ 1857-9221 (online)(EBSCO Host database).

3. Придонес во оспособување на помлади наставници и соработници:

- Кандидатката се јавува како член на Рецензентска комисија за избор на наставник за наставно-научна област граѓанско и наследно право на Правен факултет при УГД, Одлука бр. 1102-97/5 од 03.04.2017 година.

- Кандидатката се јавува како рецензент на труд од областа Облигационо право предложен за Зборник на трудови, Правен факултет во Ниш; рецензент на трудови од областа Облигационо право во меѓународно научно списание на Правен факултет, Balkan Social Science Review и рецензент на предложени трудови од областа Облигационо право и Право на интелектуална сопственост за Зборник на трудови од 6-та меѓународна конференција на Правен факултет при УГД, 6 и 7 септември 2019 година.

- Кандидатката се јавува како раководител на проектот Организација на меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" во период од 2017 до

2019 година, во кој се вклучени и помлади наставници и соработници како членови на организациониот одбор.

-Кандидатката се јавува како ментор на дипломски и магистерски трудови на кандидати од областа на Граѓанско право, и член на комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови од област на Граѓанско право и сродни дисциплини.

4. Да има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поена:

- Кандидатката има остварено (НО)= 65; (НИ)=189,5; (САОР) = 78 или вкупно 332,5 поена.

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката Марија Амповска, од страна на Матичната комисија за основање на Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип е избрана за помлад асистент на Правниот факултет во Кочани. Почнувајќи од 2 јули 2007 кандидатката заснова редовен работен однос како помлад асистент на Правниот факултет и работи на предмети од Граѓанско – правната област.
На 2 јули 2010 повторно е избрана за помлад асистент на Граѓанско – правна област на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
Во 2012 година е избрана за асистент на област Граѓанско право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
Со одлука на Наставно – научен совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип бр. 1102-187/27 од 25.6.2015 година е избрана на наставник во звање доцент за наставно-научна област Граѓанско право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во рамките на прв циклус на студии е ангажирана во настава (предавања и изведување вежби) на прв циклус студии на Правен факултет, правни студии во Штип и Струмица и на студиите по Новинарство и односи со јавноста во Штип и Скопје за предметите Отштетно право, Облигационо право, Право на интелектуална сопственост и Право на осигурување. Во рамките на втор циклус на студии на Правниот факултет е ангажирана на едногодишни и двогодишни студии по Граѓанско право, Деловно право, Европско право и Казнено право за предметите Облигационо право, Отштетно право, Авторско и сродни права, Право на осигурување, Европско отштетно право. Во рамките на Универзитетски изборни предмети е ангажирана за предметот Авторско право.

Кандидатката, покрај наставно-образовната дејност во областа на Граѓанското право, во периодот од изборот во доцент до денот на поднесување на пријавата по овој конкурс бележи богата научно-истражувачка дејност, што се гледа преку објавувањето на монографии, делови од научни книги, научни трудови, како и преку нејзиниот ангажман како уредник на научно списание, уредник на зборник на трудови од меѓународна конференција, рецензент на научни трудови, учесник во научни проекти, учесник на научни собири, тркалезни маси и работилници.
Во прилог ја претставуваме листата на активности во рамки на научно-истражувачката дејност на кандидатот, поделени во неколку категории.

**I. Научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации**

1. Мишева, Кристина и **Амповска, Марија** (2019): „Правни положај чланова обавезних пензијских фондова у Републици С. Македонији с акцентом на накнаду штете". „Радно и социјално право", часопис за теорију и праксу радног и социјалног права, 2. pp. 185-201.
2. Miseva, Kristina and **Ampovska, Marija** and Todorova, Biljana (2019) Challenges and opportunities of the Macedonian pension system according the EU Recommendations (Social, legal and financial aspects). EU and comparative law issues and challenges series (ECLIC 3) (3). pp. 988-1007. ISSN 2459-9425.
3. Ampovska, Marija (2019) Medical professional liability insurance in the Macedonian legal system. Collection of papers The role of law in social development. Faculty of law in Kosovska Mitrovica, University in Pristina pp. 323-339.
4. Ampovska, Marija (2019) Civil liability in medicine in the legal system of the Republic of North Macedonia. Collection of papers, Faculty of Law in Nis, Serbia (in press).
5. **Ampovska, Marija** and Kambovski, Igor and Apasiev, Dimitar (2018) The role and significance of the State's Attorney Office in the judicial system of the Republic of Macedonia (II). Balkan Social Science Review, Vol.12. pp. 37-57. ISSN 1857- 8799.
6. Apasiev, Dimitar and Kambovski, Igor and **Ampovska, Marija** (2018) The role and significance of the State's Attorney Office in the judicial system of the Republic of Macedonia (I). International magazine for social sciences "VIZIONE " Skopje, XXXI (31). pp. 145-154. ISSN 1409-8962/ 1857-9221 (online).
7. Ampovska, Marija (2018) Compensation of damage in case of professional liability in legal professions under the law of the Republic of Macedonia. Collection of papers, Faculty of Law in Nis, Serbia No.81, 2018, 81. pp. 284-302. ISSN 0350-8501).
8. Амповска Марија (2018): „Осигурување од одговорност на извршителот во македонското право", Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет". pp. 437-442. ISBN 978-608-244-548-9.
9. Амповска, Марија и Илиоски, Ристо (2018): „Видови на стекнување без основа", Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет". ISBN 978-608-244-548-9.
10. Ampovska, Marija (2018) Lawyer's professional liability insurance in Macedonian law. Collection of papers from Scientific conference Universally and particularity at law, Faculty of law vin Kosovska Mitrovica, University in Pristina. pp. 377-395. ISSN 978-86-6083-054-0.
11. Амповска, Марија (2017): „Однос на отштетното право и правото на осигурување во македонскиот правен систем", Годишен зборник на Правен факултет, 7. ISSN 1857-8713.
12. Ampovska, Marija (2017) Insurance pools: Followers of classical insurance contracts in the field of nuclear law. Collection of papers, Faculty of law, University in Nis (76). pp. 693-707. ISSN 0350-8501).
13. Илиоски, Ристо и **Амповска, Марија** (2017): „Особини и дејство на стекнувањето без основа", Зборник на трудови од Четвртата меѓународна

научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 2. pp. 675-691. ISBN 978-608-244-423-9.

14. Амповска, Марија (2017): „Систем на доброволно здравствено осигурување во Р. Македонија - предности и слабости“, Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 2. pp. 459-473. ISBN 978-608-244-423-9.
15. Ampovska, Marija (2017) Nuclear insurance pools worldwide: the role in the nuclear law. Balkan Social Science Review, 9. pp. 7-21. ISSN 1857- 8772.
16. Амповска Марија (2016):„Одговорност за неисправен производ во македонското право“, Зборник на трудови од Трета научна меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 1. pp. 153-176. ISSN 978-608-244-353-9.
17. Апасиев, Димитар и Амповска, Марија (2016): „Locatio conductio од Римското право и неговите современи „правни наследници“(I), Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 1. pp. 463-482. ISBN 978-608-244-353-9.
18. Ampovska, Marija (2016) The Convention on Supplementary Compensation for Nuclear Damage and participation by developing countries: A Western Balkans perspective. Balkan Social Science Review, 7. pp. 31-47. ISSN 1857- 8772.
19. Амповска, Марија (2016): „Правните предизвици при уредување на граѓанско - правната одговорност за штета причинета со нуклеарен инцидент“, Јуридика – списание за правни и општествени студии (Juridica Journal of Legal and Social studies), 2 (1). pp. 191-211. ISSN 978-608-4767-13-8(Т.2).
20. Амповска, Марија (2016): „Специфики на осигурувањето од граѓанско-правна одговорност за нуклеарна штета“ Годишен зборник на Правен факултет, 6. pp. 1-9. ISSN 1857 – 7229.

**II. Монографии**

1. Амповска, Марија (2017): „Основ на граѓанско-правната одговорност за причинета штета“, ISBN 978-608-244-441-3, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Link на е-библиотека http://e-lib.ugd.edu.mk/650.

**III. Учебни помагала**

1. Амповска, Марија (2019): „Европско отштетно право“ (поглавје во рамки на книга Европска Унија: право и политики), ISBN 978-608-244-595-3, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
2. Амповска, Марија (2019): „Облигационо право-општ дел (интерна скрипта) ISBN 978-608-244-671-4, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Линк за е-библиотека http://e-lib.ugd.edu.mk/863.
3. Амповска, Марија (2019): „Практикум по облигационо право“, ISBN 978-608-244-672-1, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Линк за е-библиотека http://e-lib.ugd.edu.mk/864.

4. Амповска, Марија (2016): „Отштетно право, воведни теми (интерна скрипта) ISBN 978-608-244-320-1, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Линк за е-библиотека: http://e-lib.ugd.edu.mk/546.
5. Амповска, Марија (2016): „Практикум по отштетно право“ ISBN: 978-608-244-321-8, издавач Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Линк за е-библиотека http://e-lib.ugd.edu.mk/545.

**IV. Учество на конференции, тркалезни маси и работилници**

1. Учество на Научна конференција: *Право, традиција и промени* одржана на 26 октомври 2019 година во Пале, во организација на Правен факултет, Универзитет во Источно Сараево.
2. Учество на *XXII Годишње међународно научно - стручно саветовање* од 09-12 октомври 2019 година во Златибор во својство на предавач на тема „Правни положај чланова обавезних пензионих фондова у Републици Северној Македонији са акцентом на накнаду штете".
3. Учество на конференција *Субјективна и објективна одговорност – кинеска и европска перспектива* одржана на 18 октомври 2019 година во Виена, Австрија, во организација на The European Centre of Tort and Insurance Law (ECTIL) and the Institute for European Tort Law of the Austrian Academy of Sciences and the University of Graz (ETL) во коорганизација на University of Yantai, China.
4. Учество на 6-та Меѓународна научна конференција *Општествени промени во глобалниот свет* одржана на 5-ти и 6-ти септември 2019 година во организација на Правен факултет во Штип.
5. Учество на тркалезна маса *Реформирование пенсионных систем России и Северной Македонии* одржана на 20 јуни 2019 на Правен факултет, Државен универзитет во Санкт Петерсбург со излагање на тема: „Местото и улогата на осигурувањето во пензиската реформа и неговиот однос со третиот пензиски столб".
6. Учество на ECLIC International Scientific Conference *EU and Member States – legal and economic issues* 6-7 June 2019, во организација на Правен факултет, J.J. Strossmeyer University of Osijek.
7. Учество на Научна конференција со меѓународно учество *Право во функција на развој на општеството* од 24 мај 2019 година, Правен факултет, Универзитет во Приштина.
8. Учество на Меѓународна научна конференција *Право и мултидисциплинарност* на Правен факултет во Ниш, одржана на 12-13 април 2019 година.
9. Учество на Тематски семинар: *Европската Унија низ призмата на правото и политиките* по повод Денот на Европа, во организација на Правен факултет во Штип, одржан на 7 мај 2019 година во Штип, излагање на тема:„Тенденции на Европско отштетно право".
10. Учество на годишната Конференција за Европско отштетно право во организација на Европски центар за отштетно право и право на осигурување, одржана од 25-27 Април 2019 година во Виена, Австрија.
11. Учество на Работилница под наслов *Правила за одговорност за штета и надомест на штета* организирана од страна на Паралегални студии во соработка со канцеларија за Еразмус соработка на Универзитет во Кападиокија,

од 25-26 октомври 2018 година, во Мустафапаша, Кападокија, Турција, каде е одржано предавање по покана на институцијата.

12. Учество на Тркалезна маса на тема *Местное самоуправление в контексте политическои, правнои и управленческои културы* одржана на 17 септември 2018 година на Правен факултет, Државен универзитет во Воронеж, одржана во Воронеж, Русија.
13. Учество на 5-та Меѓународна научна конференција *Општествените промени во глобалниот свет*, 6 и 7 септември, 2018 година, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
14. Учество на Научна конференција со меѓународно учество *Универзално и особено во право* 18 мај 2018 година, Правен факултет, Универзитет во Приштина.
15. Учество на Меѓународна научна конференција *Правото пред предизвиците на современото доба* на Правен факултет во Ниш, 13-14 април 2018 година.
16. Учество на 4-та Меѓународна научна конференција *Општествените промени во глобалниот свет*, 6 и 7 септември, 2017 година, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
17. Учество на 3-та Меѓународна научна конференција *Ефективна заштита на човекови права и слободи: реалност или идеал* во организација на Јуридика Прима, Институт за правно-економски истражувања и едукација, одржана на 12-14 мај 2017 година.
18. Учество на Меѓународна научна конференција *Глобализација и право* на Правен факултет во Ниш, 21-22 април 2017 година.
19. Учество на 3-та Меѓународна научна конференција *Општествените промени во глобалниот свет*, 1 и 2 септември, 2016 година Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
20. Учество на меѓународна конференција Миграција на море: *Перспектива на Меѓународното право и регионални пристапи*, 6 октомври 2015 година во организација на Правен факултет во Штип и MARSAFENET.
21. Учество на 2-та Меѓународна научна конференција *Општествените промени во глобалниот свет*, 3 и 4 септември, 2015 година Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во коорганизација со Правен факултет, Универзитет во Воронеж, и Факултет за право, политички науки и Криминологија, Универзитет во Лиеж, Белгија.

**V. Учество во проекти**

1. Учество во едногодишен проект: Организација на научна меѓународна конференција на Правен факултет во 2019 година, во својство на раководител на проект поддржан од Министерство за образование и наука на Македонија.
2. Учество во едногодишен проект: Организација на научна меѓународна конференција на Правен факултет во 2018 година, во својство раководител на проект поддржан од Министерство за образование и наука на Македонија.
3. Учество во двогодишен проект (2018-2019) во вредност од вкупно 200.000 денари поддржан од Научен фонд на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип насловен како *Улогата и значењето на државното правобранителство во правосудниот систем во Република Македонија* во својство на истражувач.

4. Учество во едногодишен проект: Организација на научна меѓународна конференција на Правен факултет во 2017 година, во својство раководител на проект поддржан од Министерство за образование и наука на Македонија.
5. Учество во едногодишен проект: Организација на научна меѓународна конференција на Правен факултет во 2016 година во својство на член на организационен одбор.

**VI. Членство во уредувачки и програмски одбори**

1. Со Одлука на Наставно-научен совет на Правен факултет при УГД бр. 1102-107/6 од 12.5.2016 година избрана е за одговорен уредник на меѓународно научно списание на Правен факултет, Balkan Social Science Review.

2. Од 2015 година - тековно член е на Организациски одбор на Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" која традиционално веќе шест години се одржува во септември месец на Правниот факултет во Штип.

3. Со одлука на Наставно-научен совет од 1102-50/48 од 20.2.2019 година е избрана за член на Програмскиот комитет на Шестата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет".

4. Член е на Уредувачки одбор на годишен „Зборник радова Правног факултета Универзитета у Приштини са привременим седиштем у Косовској Митровици " за 2018 година.

5. Уредник на печатен и електронски Зборник на трудови од Шестата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" одржана на 5 и 6 септември 2019 година во Штип, link http://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/issue/archive.

6. Уредник на печатен и електронски Зборник на трудови, Секција млади истражувачи од Шестата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" одржана на 5 и 6 септември 2019 година во Штип link: http://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/issue/view/174.

7. Уредник на печатен и електронски Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" одржана на 6 и 7 септември 2018 година во Штип линк: http://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/issue/archive.

8. Уредник на печатен Зборник на трудови – Секција млади истражувачи од Петта меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" одржана на 6 и 7 септември 2018 година во Штип линк: http://eprints.ugd.edu.mk/20529/.

9. Уредник на Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" одржана на 1 и 2 септември 2016 година во Штип линк http://eprints.ugd.edu.mk/16873/.

10. Рецензент на труд од областа на Облигационо право предложен за Зборник на трудови, Правен факултет во Ниш.

11. Рецензент на 3 (три) труда од областа Облигационо право во меѓународно научно списание на Правен факултет, Balkan Social Science Review.

12. Рецензент на 2 предложени труда од областа Облигационо право и Право на интелектуална сопственост за Зборник на трудови од 6-та меѓународна конференција на Правен факултет при УГД, 6 и 7 септември 2019 година.

**Кратка евалуација на научните трудови**

**I/1. Мишева, Кристина и Амповска, Марија (2019): „Правни положај чланова обавезних пензијских фондова у Републици С. Македонији с акцентом на накнаду штете", Радно и социјално право часопис за теорију и праксу радног и социјалног права, 2. pp. 185-201**

Кратка евалуација: Овој труд се фокусира на правниот статус на членовите на задолжително, целосно финансирани, пензиски фондови. Целта е да се разгледаат правата и обврските на овие членови обезбедени со позитивно право. Трудот го става акцентот на правото на надомест на штета и нејзината законска регулатива преку посебни одредби за одговорност.

**I/2. Miseva, Kristina and Ampovska, Marija and Todorova, Biljana (2019) Challenges and opportunities of the Macedonian pension system according the EU Recommendations (Social, legal and financial aspects). EU and comparative law issues and challenges series (ECLIC 3) (3). pp. 988-1007. ISSN 2459-9425**

Кратка евалуација: Реформираниот пензиски систем во Република Северна Македонија создаде интерес заснован на три аспекта: правен, финансиски и социјален. Затоа, трудот има за цел да обезбеди не само преглед на законодавството за пензиски систем во Северна Македонија, моделот на финансирање на реформираниот пензиски систем, туку и да го земе предвид социјалниот карактер на пензискиот систем. Следејќи ги основните европски вредности и следењето на препораките на ЕК, кои беа потенцирани во последните 10 години за Северна Македонија, земјата останува умерено подготвена во оваа област. Брзо зголемената потрошувачка на пензиите и напорите за подобрување на правната, институционалната и социјалната рамка за пензискиот систем во Северна Македонија станаа нов товар за Фондот за јавни пензиски фондови. Трудот дава приказ на постојната состојба и анализа на причините и можните решенија.

**I/3. Ampovska, Marija (2019) Medical professional liability insurance in the Macedonian legal system. Collection of papers The role of law in social development. Faculty of law in Kosovska Mitrovica, University in Pristina pp. 323-339.**

Кратко приказ: Трудот има за цел да направи приказ на македонската правна регулатива за осигурување од одговорност преку нормативните решенија, други правни извори на осигурување од медицинска одговорност, компаративна правна теорија и реализација на осигурување од одговорност во пракса со цел да се дојде до заклучок за значењето на овој институт во македонското законодавство и пракса.

**I/4. Ampovska, Marija (2019) Civil liability in medicine in the legal system of the Republic of North Macedonia. Collection of papers, Faculty of Law in Nis, Serbia (in press)**

Краток приказ: Целта на овој труд е да се претстават постојните правила за одговорност во македонскиот правен систем што ќе се применуваат во

случаи на граѓанска одговорност во медицината, како и да се претстави анализа на случаи на одговорност кои се разликуваат едни од други и нивните специфики. Разликувањето на случаите на одговорност има своја правна последица од одлучувањето за кои правила за одговорност се применуваат, правилата за договорна или деликтна одговорност. Правната врска помеѓу пациентот и лекарот е прво договорна врска и во овие случаи договорот за лекување е основа на правата, барањата и обврските на пациентите и лекарите. Исто така, примената на правилата за субјективна одговорност е доминантна во компаративното право, но во моментов масовната употреба на медицински средства и воведувањето на висока технологија во медицината воопшто резултираа во тенденција за зголемување на примената на објективната одговорност во практиката. Кој од овие тенденции и случаи е прифатен во македонскиот правен систем и под кои услови се применуваат во законодавството и во пракса е прашање на кое овој труд има за цел да одговори.

**I/5. Ampovska, Marija and Kambovski, Igor and Apasiev, Dimitar (2018) The role and significance of the State’s Attorney Office in the judicial system of the Republic of Macedonia (II). Balkan Social Science Review, Vol.12. pp. 37-57. ISSN 1857- 8799**

Краток приказ: Овој труд е втор труд произлезен од научноистражувачкиот проект „Улогата и значењето на Државното правобранителство во правосудниот систем на Република Македонија“ спроведен од авторите како истражувачи. Овој проект и целта на неговото истражување има посебно значење затоа што е државен орган кој кај нас, според наодите на истражувачкиот тим на овој проект, не е истражуван на научно ниво и претставува занемарен сегмент во целиот правосуден систем, наместо да има централно место во него. Додека првиот труд го прикажува историскиот развој на Државното правобранителство во правниот систем на Република Македонија, овој втор труд е посветен на презентирање на податоците што произлегуваат од три различни истражувачки активности. Прво, трудот има за цел да ги претстави резултатите од анализирањето на годишните извештаи во одреден период од работењето и успехот во решавањето на случаи на овој државен орган. Втората истражувачка активност беше спроведување анкета кај граѓаните во источниот регион на Република Македонија со цел да се соберат податоци за перцепцијата и знаењето што граѓаните ги имаат за овој значаен државен орган, како и да се анализира постојната комуникација помеѓу државното Јавно правобранителство и граѓаните во врска со заштитата на имотните интереси на државата.

**I/6. Apasiev, Dimitar and Kambovski, Igor and Ampovska, Marija (2018) The role and significance of the State’s Attorney Office in the judicial system of the Republic of Macedonia (I). International magazine for social sciences “VIZIONE “ Skopje, XXXI (31). pp. 145-154. ISSN 1409-8962/ 1857-9221 (online)**

Кратка евалуација: Овој прв коавторски труд, кој е плод на професионалната соработка на тројца наставници од Катедрата за граѓанско право на Правниот факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, е дел од планираната издавачка дејност за 2018 година во рамки на едногодишниот научноистражувачки проект: Улогата и значењето на Државното правобранителство во правосудниот систем на Република Македонија. Проектот е финансиран од страна на Фондот за научноистражувачка работа на УГД, а трудов е само првиот дел од една

замислена поголема трилогија, која би претставувала монографија посветена на овој специфичен орган во нашиот правен поредок. Авторите, користејќи го правно-историскиот и нормативниот метод, започнуваат со легислативната уреденост на оваа институција во правниот систем на нашата земја, уште во периодот по Втората светска војна, кога Македонија беше дел од СФР Југославија – разгледувајќи го нејзиниот еволутивен пат низ сојузните и републичките закони. Потоа се разработува правниот статус и улогата на Јавното/Државното правобранителство во правосудниот систем на Р. Македонија, согласно своевремено актуелната регулатива, која важела низ текот на годините во втората половина на XX и почетокот на XXI век. Во третото поглавје се продолжува со разгледување на правната природа на Државното правобранителство, како учесник во судската парнична постапка, за да во четвртото и последно поглавје се финишира со опис на внатрешната организациска структура на правобранителството, како државен орган sui generis.

**I/7. Ampovska, Marija (2018) Compensation of damage in case of professional liability in legal professions under the law of the Republic of Macedonia. Collection of papers, Faculty of Law in Nis, Serbia No.81, 2018, 81. pp. 284-302. ISSN 0350-8501)**

Кратка евалуација: Терминот професионална одговорност е еден од термините што сè уште ја делат правната теорија денес поради што авторот прво се осврнува на дефиницијата за професионална одговорност. Спецификите на оваа одговорност се прикажани во контекст на анализа на законодавната рамка со цел да се утврдат правните основи на професионалната одговорност.

**I/8. Амповска Марија (2018): „Осигурување од одговорност на извршителот во македонското право“, Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“. pp. 437-442. ISBN 978-608-244-548-9**

Кратка евалуација: Во трудот централно место зазема осигурувањето од одговорност на извршителот во македонското право од аспект на задолжителното осигурување предвидено со правните прописи. Со оглед на тоа дека предмет на осигурувањето е законски уредената одговорност на извршителот за штета што ќе ја причини на трети лица при вршење на својата дејност, трудот дава приказ и на граѓанско-правната одговорност на извршителот, како специфичен вид на професионална одговорност, од аспект на нејзина уреденост со lex specialis, како и од аспект на правната теорија. На тој приказ се надоврзува анализата на осигурувањето од одговорност на извршителот, преку призмата на нејзината правна природа, правни извори и правна уреденост.

**I/9. Амповска, Марија и Илиоски, Ристо (2018): „Видови на стекнување без основа“, Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“. ISBN 978-608-244-548-9**

Кратка евалуација: Во овој труд акцентот е ставен на прашањето за случаите на стекнување без основа, поконкретно на исплата на недолгувано исполнување на обврска чија основа не се остварила, исполнување на обврска чија основа подоцна отпаднала, употреба на ствари во туѓа корист, употреба на туѓи ствари во своја корист и стекнување без основа со дејство на трето лице или надворешен настан.

**I/10. Ampovska, Marija (2018) Lawyer's professional liability insurance in Macedonian law. Collection of papers from Scientific conference Universally and particularity at**

**law, Faculty of law vin Kosovska Mitrovica, University in Pristina. pp. 377-395. ISSN 978-86-6083-054-0**

Кратка евалуација: Централна точка на трудот е договорот за осигурување од одговорност во македонскиот закон што адвокатот е должен да го потпише за да ја започне должноста. Во трудот се разгледуваат правните извори што ја регулираат оваа обврска со цел да се претстават тековните законски решенија, како и да се споредат со некои од современиот правен систем. Весникот треба да одговори дали постои задоволително ниво на правна регулатива за прашањето на задолжителното осигурување од одговорност на адвокатот, како и нивото на правна усогласеност или непочитување на законската регулатива меѓу нив самостојно, а, од друга страна, помеѓу одредбата се состоеше во закони, а одредбата се состоеше во автономни извори на договорно право за осигурување - посебните услови создадени од осигурителните компании. При спроведувањето на законските одредби во ова прашање се појавија одредени проблеми и сомнежи во правната теорија, како и во правната практика. Целта на трудот е да се претстави преглед на решенијата веќе презентирани во правната литература, како и да се анализираат компаративните правни системи со цел да се посочат некои решенија de lege ferenda.

**I/11. Амповска, Марија (2017) „Однос на отштетното право и правото на осигурување во македонскиот правен систем“, Годишен зборник на Правен факултет, 7. ISSN 1857-8713**

Кратка евалуација: Трудот претставува приказ на правната регулатива, а паралелно со приказот се прави и една анализа на односот меѓу отштетното право и правото на осигурување, посебно од аспект на нивните допирни точки и точки на разликување.

**I/12. Ampovska, Marija (2017) Insurance pools: Followers of classical insurance contracts in the field of nuclear law. Collection of papers, Faculty of law, University in Nis (76). pp. 693-707. ISSN 0350-8501)**

Кратка евалуација: Целта на овој труд е, од една страна, да се анализира како класичниот договор за осигурување прерасна во нов модерен институт на осигурувањето и, од друга страна, да се истражи правната природа на овој институт (insurance pool) и нејзино спроведување во пракса, особено во областа на осигурување од нуклеарен ризик и покривање на нуклеарни штети. Потребата да се обезбедат поголеми средства за нуклеарно осигурување се иницира со промените во врска со меѓународниот правен инструмент со кој се регулира материјата за компензација на нуклеарно оштетување, кои го проширија концептот на надомест на штета и истовремено потребата за утврдување на значително зголемени минимални износи на одговорност.

**I/13. Илиоски, Ристо и Амповска, Марија (2017): „Особини и дејство на стекнувањето без основа“, Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција: „Општествените промени во глобалниот свет“, 2. pp. 675-691. ISBN 978-608-244-423-9**

Кратка евалуација: Целта на овој труд е да се изврши проучување на стекнувањето без основа, почнувајќи и од самата терминолошка поставеност, поимно определување, неговите дилеми, потребните услови за настанување, дејство, односно содржината, а во трудот, во неопходна мера, ќе стане збор и во однос на начините, односно случаите на стекнување без основа. Така, имајќи го предвид ова, а и со оглед на тоа дека во определени

рамки ќе биде застапена и судската практика, трудот освен својата теоретска димензија ја добива и својата важност во практиката.

**I/14. Амповска, Марија (2017): „Систем на доброволно здравствено осигурување во Р. Македонија - предности и слабости“, Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 2. pp. 459-473. ISBN 978-608-244-423-9**

Кратка евалуација: Во трудот се обработува двоен модел на здравствено осигурување кој денес постои во Република Македонија. Како основен модел се применува задолжителното здравствено осигурување, а со посебен закон се уредува можноста за паралелно постоење на модел на доброволно здравствено осигурување. Постои правна можност за граѓаните на Р. Македонија да имаат доброволно здравствено осигурување во форма на дополнително здравствено осигурување или приватно здравствено осигурување. Во светот денеска се познати успешни примери на паралелно постоење на овие два модела на здравствено осигурување. Со оглед на фактот дека Законот беше донесен во 2012 година, истражувањето се движеше во насока на утврдување дали може нашата држава да се вброи во успешните примери за кои зборуваме или правната практика е сосема поинаква од правната регулатива.

**I/15. Ampovska, Marija (2017) Nuclear insurance pools worldwide: the role in the nuclear law. Balkan Social Science Review, 9. pp. 7-21. ISSN 1857- 8772**

Кратка евалуација: Овој труд има за цел да го претстави значењето на insurance pools за нуклеарно осигурување во современите правни системи и обезбедувањето на финансиска сигурност во случај на одговорност од трети лица за нуклеарниот оператор.

**I/16. Амповска Марија (2016): „Одговорност за неисправен производ во македонското право“, Зборник на трудови од Трета научна меѓународна конференција Општествените промени во глобалниот свет, 1. pp. 153-176. ISSN 978-608-244-353-9**

Кратка евалуација: До донесувањето на Новелата на Законот за облигационите односи во 2008 година во македонското облигационо право беше регулирана „одговорност на производителот на предмет со недостаток". Оваа правна регулатива во 2008 година беше заменета со „одговорност за неисправен производ". Овој труд има за цел, пред сè, да ги прикаже причините за промените на законската регулатива и да го лоцира нивниот извор во рамки на конкретни промени кои ги доживува современиот научно – технолошки свет, како и во рамки на тенденциите на правната наука и судската практика, со посебен осврт на транспонирањето на соодветните директиви на Европската Унија.

**I/17. Апасиев, Димитар и Амповска, Марија (2016) Locatio conductio од Римското право и неговите современи „правни наследници“(I), Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 1. pp. 463-482. ISBN 978-608-244-353-9**

Кратка евалуација: Водејќи се од несомнениот факт дека римското облигационо право никогаш не умрело, овој коавторски труд го проследува неговиот „втор живот“ преку еден негов мал сегмент, односно преку сложениот договор кој во римското договорно право се нарекувал locatio conductio. Овој труд, со помош на историскиот и нормативниот метод, ги проследува видовите на овој договор од Римското право (Ius Romanum) преку нивните посебни карактеристики, а сè со цел да ги стави во една

компаративна перспектива на современото облигационо право. Во таа смисла, вториот дел од трудот се однесува на правните правила со кои во македонското позитивно право се уредени договорите за кои сметаме дека се правни наследници на римскиот locatio conductio. Но, со оглед на расположливиот простор, тука – во првиот дел од оваа планирана трилогија – е опфатен само договорот за закуп (locatio conductio rei) додека, пак, договорот за дело и договорот за работа ќе останат да бидат разгледувани во некоја следна прилика. Договорот за закуп ќе биде анализиран во насока на неговите карактеристики кои се јавуваат како пресликани правни стандарди или, пак, како правни правила кои своите корени ги имаат во ненадминливото Римско право. На овој начин авторите прават обид да го прикажат влијанието на општествените промени врз овој конкретен правен институт и тоа, најпрво, во смисла на историските промени што се предизвикани кај овој мошне значаен вид на договорни односи, а потоа и од аспект на оној сегмент кој се јавува како константа при еволуцијата и за којшто може да се каже дека општествено-економските промени немале некое позначајно влијание.

**I/18. Ampovska, Marija (2016) The Convention on Supplementary Compensation for Nuclear Damage and participation by developing countries: A Western Balkans perspective. Balkan Social Science Review, 7. pp. 31-47. ISSN 1857- 8772**

Кратка евалуација: Овој труд дава аргументација зошто Западен Балкан треба во иднина да стане дел од новиот меѓународен режим за нуклеарна одговорност. Поголемиот дел од земјите од Западен Балкан (Република Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Црна Гора, Република Србија и Република Македонија) се дел од меѓународниот режим на нуклеарна одговорност, воспоставен со Виенската конвенција за граѓанска одговорност за нуклеарна штета од 1963 година. Ниту една од нив сè уште не доставила инструмент за ратификација, прифаќање или одобрување на Конвенцијата за дополнителна компензација за нуклеарно оштетување. Новиот режим на нуклеарна одговорност е патот до глобален режим за справување со граѓанска одговорност и компензација за нуклеарно оштетување и, што е уште поважно, тоа е начинот да се оствари дека граѓаните ќе добијат и од двете држави што произведуваат и од државите што не создаваат.

**I/19. Амповска, Марија (2016): „Правните предизвици при уредување на граѓанско - правната одговорност за штета причинета со нуклеарен инцидент", Јуридика – Списание за правни и општествени студии (Juridica Journal of Legal and Social studies), 2 (1). pp. 191-211. ISSN 978-608-4767-13-8(Т.2)**

Кратка евалуација: Со појавата на нуклеарната енергија станало јасно дека класичните принципи на отштетното право се соодветни за конвенционалните ризици, но не се доволни и не се соодветни за регулирање на новиот феномен – нуклеарна енергија. Со дистанцирањето од класичните принципи дошло до создавање на посебен правен режим на граѓанско - правна одговорност за нуклеарна штета што се наметнало како потреба која го условува развојот на нуклеарната индустрија. Исклучителните ризици, вклучени во производството на нуклеарната енергија, се главниот предизвик во правното регулирање на овој феномен. Во трудот е прикажан начинот на кој овој посебен режим се справува со нивното регулирање. Посебен осврт се прави во однос на правниот предизвик за уредување на носителот на нуклеарната одговорност, поимот

на нуклеарна штета, прашањето за каузалитетот, а ќе бидат претставени и воспоставените принципи на правниот режим на нуклеарна одговорност.

**I/20. Амповска, Марија (2016): „Специфики на осигурувањето од граѓанско-правна одговорност за нуклеарна штета“, Годишен зборник на Правен факултет, 6. pp. 1-9. ISSN 1857 – 7229**

Кратка евалуација: Под оправдувањето дека нуклеарната енергија и нејзината употреба во мирновременски цели даваат голем придонес и одговараат на барањата кои ги поставува модерното општество бил прифатен принципот на ограничена одговорност на операторот за штетата причинета на трети лица во случај на нуклеарна несреќа. Ова ограничување овозможило пазарот на осигурување на истапи и да овозможи осигурување на операторот од нуклеарна одговорност. Денеска, паралелно со меѓународниот режим на нуклеарна одговорност, коегзистира и режимот на задолжително осигурување од одговорност кон трети лица во случај на нуклеарна несреќа. Тој има низа свои специфики кои ќе бидат предмет на приказ и анализа на овој труд.

**Кратка евалуација на монографија**

**II/1. Амповска, Марија (2017): „Основа на граѓанско-правната одговорност за причинета штета“, ISBN 978-608-244-441-3, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Link на е-библиотека http://e-lib.ugd.edu.mk/650**

Оваа монографија обработува едно поединечно прашање значајно за општиот дел на отштетното право – основа на граѓанско-правната одговорност за штета, правејќи обид да го разгледа поимот на основата, значењето, историскиот развој и неговото дефинирање во модерните правни системи. Ракописот со наслов Основа на граѓанско-правната одговорност за причинета штета претставува сéопфатна целина на содржини поврзани со прашањето за основа на одговорност во рамките на материјата на предметот Отштетно право. Истото е насочено кон продлабочено проучување и истражување во правната теорија и правните правила за основата на одговорноста, со цел  совладување на основните прашања кои се столбот на постоењето на отштетното право и одговорноста за штета, како и воведување во спецификите на отштетното право. Ова треба да претставува една база за натамошно надградување на знаењето на студентите на полето на Отштетното право и останати правни дисциплини кои имаат допирни точки со Отштетното право, односно сите правни области во кои се појавува прашањето за граѓанско-правна одговорност за причинета штета.

**Кратка евалуација на учебни помагала**

**III /1. Амповска, Марија (2019): „Европско отштетно право (поглавје во рамки на книга Европска Унија: право и политики)“, ISBN 978-608-244-595-3, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип**

Ова поглавје од книгата Европска Унија – право и политики зборува за Отштетното право во рамките на Европската Унија како дел од европското приватно право. Општо зборувајќи за приватното право во Европската Унија може да се каже дека тоа има една неизвесна положба што се должи

на фактот што граѓаните на Европската Унија се среќаваат со триесет различни приватно-правни поредоци на повеќе од дваесет јазици. Ова ги доведува во тешко надминлива ситуација потрошувачите, претприемачите, правните советници и правосудниот систем. Денеска, европското приватно право во најголем дел постои преку државните приватно - правни поредоци и може да се каже дека се карактеризира со обемност, недовршеност, системска незаокруженост и голема непрегледност.

**III/2. Амповска, Марија (2019): „Облигационо право-општ дел“, (интерна скрипта) ISBN 978-608-244-671-4, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Линк за е-библиотека http://e-lib.ugd.edu.mk/863**

Учебното помагало *Облигационо право – општ дел* (скрипта) е наменета за студентите на првиот циклус на правни студии како учебно помагало за предметот Облигационо право и согласно намената е усогласено со Наставната програма што за овој предмет е предвидена на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Интерната скрипта е поделена во три целини: Прв дел – Поим, извори и начела на облигационото право; Втор дел – Општо учење за облигационите односи; Трет дел – Видови облигациони односи. Материјата што вообичаено е содржана во предметната програма на Облигационо право – општо учење за облигациите, општо учење за договорите, посебни видови договори, облигациони односи што настануваат со причинување на штета и други облигациони односи и преостанати облигации, освен во предметот Облигационо право, се среќава и во предметите Договорно право и Отштетно право. Согласно важечката студиска програма, предметот Договорно право се изучува во првиот циклус студии, како задолжителен предмет во трета година. За таа сметка, а со цел да нема повторување на одредени наставни содржини, целта на Облигационото право како посебен предмет на изучување и целта на оваа скрипта е совладување на општото учење за облигациите, како и воведување во основите на договорното право.

**III/3. Амповска, Марија (2019): „Практикум по облигационо право“, ISBN 978-608-244-672-1, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Линк за е-библиотека http://e-lib.ugd.edu.mk/864**

Ракописот претставува богат збир на прилози и изворни вежби креирани од самиот автор кои ја следат систематиката и динамиката на наставната материја по предметот Облигационо право и се конципирани на начин што овозможува установување и потврдување на теоретските знаења стекнати на предавања, како и дообјаснување на одредени институти преку примери од општествената и од судската практика. Во материјалот внимателно се вклучени законски одредби од посебни закони, но и од Законот за облигационите односи, со кои авторот ги насочува студентите на областите каде треба да се посвети посебно внимание. Посебна предност на овој ракопис е можноста студентите да остварат практична работа во насока на изготвување на договори и тужби од обласа на облигационото право што претставува посебно практично збогатување на нивното образование во рамките на овој предмет, а со тоа и остварување на замислените цели при креирање на наставната програма за предавањата и вежбите во рамките на

овој предмет. Методолошкиот пристап на авторот кон изработка на овој ракопис како и јасниот и концизен начин ан практично поткрепување на материјата овозможува студентите да ги потврдат и усовршат веќе стекнатите знаења, а ракописот го прави релевантен и значаен за целокупната наставна материја.

**III/4. Амповска, Марија (2016):„Отштетно право, воведни теми“(интерна скрипта) ISBN 978-608-244-320-1, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Линк за е-библиотека: http://e-lib.ugd.edu.mk/546**

*Отштетно право – воведни теми* претставува сеопфатна целина на содржини поврзани со воведните прашања во предметот Отштетно право насочени кон совладување на основните прашања, како и воведување во спецификите на отштетното право, што треба да претставува една база што ќе се постави со овој ракопис за натамошно надградување на знаењето на студентите на полето на Договорното, Отштетното право и останати правни дисциплини кои имаат допирни точки со Отштетното право. Концизната, систематски јасно и точно претставена и теоретски поткрепена разработка на основните институти на отштетното право сметаме дека ќе им биде од корист, не само на студентите од прв и втор циклус на студии, туку и на пошироката научна и стручна јавност.

**III/5. Амповска, Марија (2016): „Практикум по Отштетно право“, ISBN: 978-608-244-321-8, издавач Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Линк за е-библиотека http://e-lib.ugd.edu.mk/545**

*Практикумот по Отштетно право* успешно го воведува читателот во еден свет на отштетните односи среќавани во примерите од судската практика, притоа не губејќи ја ниту за момент врската со правната теорија и секогаш потпирајќи се на неа. Содржи внимателно одбрани тужби, пресуди на првостепени и апелациони судови и фактички состојби и го запознава читателот со случаи со кои тој секојдневно се соочува во општествениот живот, но овојпат му даваат можност да ги запознае и анализира на еден систематизиран, теоретски заснован начин. Примерите што се предмет на анализа се јасни, содржински конзистентни и соодветствуваат на теоретските прашања за чие практицирање се предвидени, уште повеќе што се избрани на начин во иднина читателот лесно да ги препознае сличните случаи во практиката и на лесен начин на го утврди своето познавање од теоријата. Преку секоја вежба посебно и сите вежби одделни се очекува студентите да стекнат практика на набљудување на отштетно - правните односи преку нивните заеднички, општи елементи, односно преку дефинирање на страните, штетата, штетното дејствие и казуалитетот. Исто така, целта е да се воочуваат и посебностите на секој однос одделно, во поглед на видот на одговорноста, во поглед на мешањето на отштетното право со другите дисциплини, како и примената на посебни закони во определени случаи на надомест на штета и утврдување одговорност за причинета штета.

**Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**
Кандидатот, доцент д-р Марија Амповска покрај во наставно-образовната и научноистражувачката дејност на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип има низа активности и во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Конкретните активности се прикажани во листата подолу:

**VII. Членство на факултетски органи и комисии**

1. Член на Наставно научен совет на Правен факултет од 2015 – тековно.
2. Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус на студии на Правен факултет при УГД за учебната 2016/2017 година одлука бр. 1102-98/6 од 22.04.2016 година.
3. Од 2015 до 2019 Член на Комисија за попис на основни средства и ситен инвентар на Правен факултет со одлуки на Универзитетски сенат.
4. Со одлука бр. 1102-83/14 од 31.3.2016 година на ННС на Правен факултет избрана за член на Комисија за самоевалуација на Правен факултет.
5. Акредитиран ментор на студенти на втор циклус студии, Решение на Одбор за акредитација и евалуација на високото образование бр. 0801-318/2 од 22.03.2017 година.
6. Ментор на дипломски трудови според одлука бр. 11-03-85/1 од 22.05.2018 година бр. 11.03-85/2 од 22.05.2018 година, бр. 1103-81/2 од 17.05.2018 година, бр. 1103-163/2 од 06.09.2016, бр. 1103-178/10 од 21.09.2016, бр. 1103-181/3 од 26.09.2017, бр. 1103-181/1 од 26.09.2017, бр. 1103-181/2 од 26.09.2017, бр. 1103-182/1 од 28.09.2017 година, бр. 1103-183/2 од 02.10.2017 година, бр. 1103-188/1 од 16.10.2017 година, бр. 1103-193/1 од 25.10.2017 година, бр. 1103-193/2 од 25.10.2017 година
7. Ментор на магистерски трудови според одлука бр. 1102-223/27 од 22.12.2017 и одлука бр. 1102-62/18 од 29.03.2018 година.
8. Член на комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови од граѓанска научна област и од сродни области според одлуки бр. бр. 110-50/29 од 20.02.2019, бр. 1102-146/10 од 19.06.2017 година, бр. 1102-79/10 од 09.05.2018 година, бр. 1102-79/11 од 09.05.2018 година, бр. 1102-223/29 од 22.12.2017 година, 1102-223/28 од 22.12.2017 година, бр. 1102-76/8 од 09.03.2017 година, бр. 1102-76/10 од 09.03.2017 година, бр. 1102-233/19 од 21.12.2016 година, бр. 1102-43/17 од 07.02.2018 година, бр. 1102-43/16 од 07.02.2018 година, бр. 1102-83/12 од 31.03.2016 година.
9. Од 2017 до 2019 година член на Комисија за полагање на стручен испит за застапници за заштита на правата од индустриска сопственост, за областа облигационо право, при Државниот завод за индустриска сопственост на Република С. Македонија.
10. Член на Рецензентска комисија за избор на наставник за наставно-научна област Граѓанско и наследно право на Правен факултет при УГД, Одлука бр. 1102-97/5 од 03.04.2017 година.
11. Член на изборна комисија за спроведување на тајно гласање за избор на декан на Правен факултет, Одлука бр. 1102-91/4 од 13.06.2019 година.

Кандидатката, исто така, учествувала во изработка на елаборат за втор циклус на студии и тоа едногодишни и двогодишни студии по Граѓанско право кои се

акредитирани со решение на Одбор за акредитација бр. 0801-733/4 и бр. 0801-576/1 во 2018 година и се активни студиски програми на Правен факултет при УГД. Кандидатката со одлука на ННС е назначена и за ментор на генерација 2016/2017 на правни студии и студии по новинарство и односи со јавноста во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата ја разгледа доставената документација од кандидатката доцент д-р Марија Амповска и врз основа на истата ја оценуваше исполнетоста на општите услови за избор во звања предвидени со Законот за високо образование и со конкурсот, како и исполнетоста на посебните услови предвидени со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот. Комисијата утврди дека кандидатот ги исполнува сите горенаведени услови, што е прикажано поединечно и во рефератот.

Заклучокот на комисијата е дека кандидатот уште од своите почетоци во рамките на наставно-образовната и научноистражувачка дејност работи и се надградува во областа на Граѓанското право и истиот бележи значителен напредок. Од евалуацијата на трудовите Комисијата заклучи дека кандидатката се афирмирала во рамките на домашната, но и странската академска заедница како солиден млад истражувач, подготвен за тимска работа и секогаш насочен кон актуелните теоретски и практични прашања од својата област, но и интердисциплинарно. Исто така, Комисијата заклучи дека кандидатката покажала способност да изведува настава на повеќе предмети и да ја поткрепи својата наставно-образовна дејност на Правниот факултет со значајни учебни помагала (скрипти и практикуми), како и дел од книга и монографија. Кандидатката, покрај научно-истражувачката работа претставена преку учество во научни истражувања и објавување на трудови во референтни научни публикации, покажала способност и за членство во уредувачки одбори на меѓународни списанија, членство во организациони одбори на меѓународни научни конференции и била дел од истражувачки тим на научен проект.

Исто така, од доставената документација, Комисијата утврди дека кандидатката поседува способност и за изведување на стручно-апликативна и организациско-развојна дејност, што се гледа од учеството во факултетски комисии, како и од учеството во изработка на елаборати за студиски програми.

Од приложената табела се гледа дека кандидатката остварила 65 поени од наставно-образовна дејност, 189.5 поени од научноистражувачка дејност и 78 поени од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност, или вкупно 332,5 поени, а бараниот минимум поени од сите активности на кандидатот во периодот на изборот во доцент изнесува 75 поени.

Имајќи го во предвид сето изнесено во рефератот и заклучокот од рефератот, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да ја избере доцент д-р Марија Амповска во звање ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР во област Граѓанско право.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

професор д-р Гале Галев, редовен професор во пензија, претседател, с.р.
професор д-р Игор Камбовски, вонреден професор, член, с.р.
професор д-р Борка Тушевска Гавриловиќ, вонреден професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Избор во звање помлад асистент | 2 | 10 | | | 20 |
| **2.** | Избор во звање асистент | 1 | 15 | | | 15 |
| **3.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **65** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Монографија (II/1) | 1 | 10 | | | 10 |
| **2.** | Дел од научна книга (III/1) | 1 | 6 | | | 6 |
| **3.** | Научен труд објавен во меѓународно списание, прв автор ( I/4, I/5, I/7, I/11, I/12, I/15, 1/18, I/19, I/20) | 9 поени x 9 трудови = 81 | | | | 81 |
| **3.1.** | Научен труд објавен во меѓународно списание, втор или трет автор (I/1, I/6) | 6 поени x 2 труда=12 | | | | 12 |
| **4.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (I/2, I/3, I/8, I/9 I/10, I/13, I/14, I/16, I/17) | 3 поени x 9 трудови =27 | | | | 27 |
| **5.** | Одржано предавање по покана од научна инситуција (IV/11) | | | 1 | 3 | 3 |
| **6.** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| **7.** | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| **8.** | Учесник во научен проект (V/3) | 1 | 2 | | | 2 |
| **9.** | Уредник на научно списание (СЦИ/**ЦА**/Останати) (VI/1) | 6 | | | | 6 |
| **10.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/**Останати**) (VI/3 и VI/4) | 1поен x 2 одбори | | | | 2 |
| **11.** | Уредник на зборник на трудови од меѓународен научен собир (VI/5, VI/6, VI/7, VI/8, VI/9) | 2 поени X 5 изданија | | | | 10 |
| **12.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/Останати) (VI/11, VI/10 и VI/12) | 1,5 поени x 3 трудови (ЦА) = 4,5<br>1 поени x 3 трудови (останати)=3 | | | | 7,5 |
| **13.** | Член на организациски одбор на меѓународен научен собир (VI/2) | 2 поени x 4 одбори = 8 | | | | 8 |
| **14.** | Претседател на организационен одбор на меѓународен научен собир | 3 поени | | | | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | (VI/2 за 2019 година) | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **189.5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Учество во изработка на елаборати за акредитација на студиски програми на прв и втор циклус студии на Правен факултет | 2 | 2 | | | **4** |
| **2.** | Член на факултетски комисии (VII/2, VII/3, VII/4) | 6 | 2 | | | **12** |
| **3.** | Член на комисии за одбрана на диплоски и магистерски трудови (VII/6, VII/7, VII/8) | 27 | 2 | | | **54** |
| **4.** | Ментор на генерација 2016/2017 за четири години | 1 | 4 | | | **4** |
| **5.** | Членство во други комисии (VII/10, VII/11) | 2 | 2 | | | **4** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **78** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **332.5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ РОМАНИСТИКА И ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА НА РОМАНСКИТЕ НАРОДИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“**

Со Одлука бр.1902-160/11 од 10.12.2019 година донесена на 203. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 10.12.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области *Романистика* и *Историја на книжевноста на романските народи* на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

- проф. д-р. Анастасија Ѓурчинова, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје – претседател.
- проф. д-р Радица Никодиновска, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје – член.
- проф. д-р. Лучијана Гуидо Шремпф, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 30.11.2019 година и во предвидениот рок се пријави само Јована Караникиќ Јосимовска, доктор на науки по култури и јазици.

Врз основа на приложената документација од кандидатката д-р Јована Караникиќ Јосимовска, чест ни е на Наставно - научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р **Јована Каранииќ Јосимовска** е родена на 26.05.1985 година во Куманово. Основно образование завршува во ОУ „Толи Зордумис“ од Куманово со просек 5, 00. Средно образование завршува во Гимназијата „Гоце Делчев“ во родниот град, исто така со просек 5,00. На 20.2.2008 г. дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на групата за италијански јазик и книжевност при Катедрата за романски јазици и книжевности со среден успех 9,88, највисок во рамките на својата генерација за што се стекнува и со пофалница и награда од страна на Факултетот. Заради постигнатиот успех на додипломските студии добива стипендија од страна на Амбасадата на Република Италија за двомесечен курс за усовршување на италијанскиот јазик при Универзитетот за странци во Перуџа во периодот јули-август 2007 г. На 7.7.2010 г. се стекнува со звање **магистер по италијанистика, европски книжевни култури и јазични науки** на Конзорциумот CLE (Culture Letterarie Europee) во Болоња, Италија, со одбраната на магистерскиот труд насловен *L’aspetto della differenza culturale nelle traduzioni dalla letteratura della ex-Repubblica Yugoslava di Macedonia in lingua italiana*, во превод *Културни разлики во преводите од македонска книжевност на италијански јазик* со просек 9,30, според еквиваленција на оценките со

бр. 13-4070/2 издадена од Министерство за образование и наука на Република Македонија. Кандидатката е примена на докторски студии по Култури и јазици - XXVII циклус при Универзитетот во Перуџа под менторство на проф. Габриела Б. Клајн каде на 20.3.2019 г. успешно ја брани докторската дисертација под наслов *Categorizzazione e costruzione di identità attraverso elementi linguistici nella letteratura italiana della migrazione: studio di autobiografie di tre scrittori africani*, во превод: *Категоризација и конструкција на идентитет преку лингвистички елементи во италијанската мигрантска книжевност: студија на автобиографии на три африкански автори* и се стекнува со научен степен **доктор на науки по култури и јазици** според Решение за признавање на високообразовна класификација стекната во странство бр. 24-3246.

Од 1.11.2011 г. кандидатката е ангажирана најпрво како волонтер на групата Италијански јазик и книжевност при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, а потоа и како стручњак од практиката во истата институција каде што во текот на наредните години напредува стекнувајќи се со соработнички звања помлад асистент и асистент докторанд.

За време на студиите и академскиот ангажман вклучена е активно и во граѓанскиот сектор како младински работник во проекти на локални, национални и интернационални организации за промоција на интеркултурно учење и европско граѓанство. Од многубројните проекти во Македонија и во странство каде кандидатката учествувала во улога на координатор и фасцилитатор на работилниците, од посебно значење е 9-месечниот проект за волонтирство во организацијата „Лунарија“ во Рим, Италија, што истовремено ѝ овозможило и професионален напредок во областа на италијанскиот јазик и култура.

**1.** Кандидатката ги исполнува општите и посебните услови за избор во звање асистент-докторанд за научната област Романистика и Историја на книжевноста на романските народи , имајќи ги предвид следните податоци:

**1.1.** Научен степен доктор на науки од областа култури и јазици, потесна област Италијанска книжевност и социолингвистика.

**1.2.** 1. Остварен просечен успех од прв циклус студии со просек: 9,88.

1.2.2. Завршен втор циклус студии од соодветна област со просечен успех: 9,30.

**1.3.** Доставена потврда за познавање на англиски јазик – First Certificate in English ниво Б2 заедно со потврда од Британски совет за појаснување на нивоата на Европската јазична рамка и соодветните меѓународни дипломи по англиски јазик на Cambridge English.

**1.4.** Има објавено **шест,** односно најмалку четири **научни труда** во соодветната област согласно со Законот за високото образование во последните 5 (пет) години пред објавувањето на огласот за избор.

| Бр. | Автор | Наслов | Сприсание | Година | Категорија според<br><br>ЗВО, чл. 2, точка 24 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Karanikikj Josimovska, Jovana | *La mappatura letteraria come strumento della didattica della letteratura italiana*, | "Geocritica e geopoetica nella letteratura italiana del Novecento", a cura di Gjurcinova Anastasija e Irina Talevska, Università Ss Cirillo e Metodio di Skopje, Facoltà di Filologia Blaže Koneski, Skopje, 97-103; | 2018 | д) |
| 2. | Karanikikj Josimovska Jovana. | *Inclusion and Exclusion by Means of Language in Italian Migrant Literature* | "Horizons de Recherche/Research Horizons III", ed: Soncini Fratta Anna Paola, Emil di Odoya: Bologna, 2017, 185 – 203; | 2017 | г) |
| 3. | Karanikikj Josimovska Jovana, Gjorgjievska Eva | *La valutazione e la verifica nell'insegnamento della letteratura italiana in un contesto di italiano LS: una continua sfida* | "Assessment in Foreign Language & Literature Teaching", ed: Nikodinovska Radica, Ss. Cyril and Methodius University – Skopje, Blaže Koneski Faculty of Philology: Skopje, 263-276**;** | 2017 | д) |
| 4. | Karanikikj Josimovska Jovana | *Application of ICT tools in teaching literature* | Horizons de Recherche/Research Horizons II., n.3, Emil di Odoya: Bologna, 179-184 | 2016 | г) |
| 5. | Караникиќ Јосимовска, Јована, | *Компетенции и методи при евалуација и* | Годишен зборник на Филолошкиот факултет - Штип, | 2019 | б) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Велинова, Ева | *оценување во наставата по италијански јазик и книжевност на странски студенти.* | X (13). стр. 81-95 | | |
| 6. | Велинова, Ева, Караникиќ Јосимовска, Јована | *Карло Голдони и реформата на италијанскиот театар* | Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД - Штип, 6 (1). стр. 185-189; | 2015 | б) |

**1.4.** Покажува способност за изведување високообразовна дејност докажана преку деветгодишното работно искуство како асистент по италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев", опишано подетално во понатамошниот текст.

**1.5.** Покажува постигнувања во примената на истражувачките резултати.

**1.6.** Има објавено рецензирана скрипта и практикум од соодветната научна област за која се избира кандидатот достапна во електронска форма на е-библиотека на веб-страницата на УГД.

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година на издавање** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Велинова Ева, Караникиќ Јосимовска Јована | *Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот* - скрипта. | Универзитет „Гоце Делчев" Штип | 2015 |
| 2. | Велинова Ева, Караникиќ Јосимовска Јована | *Практикум по предметот Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот* | Универзитет „Гоце Делчев" Штип | 2015 |

**1.7.** Има две препораки од професори од соодветната научна област за која се врши изборот.

**1.8.** Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=; (НИ)=; (САОР)= или вкупно поени 212,5.

## 2. Наставно- образовна и научноистражувачка дејност

### 2.1. *Наставно-образовна дејност*

По завршувањето на магистерските студии во Италија, кандидатката се враќа во Македонија и од 1.11.2011 г. е ангажирана како волонтер на групата Италијански јазик и книжевност при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, а во текот на летниот семестар истата учебна година во својство на стручњак од практиката е ангажирана на горенаведената институција. На 18.6.2012 година се здобива со соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област Романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, ангажман кој ги опфаќа предметите од областа на италијанската книжевност: Преведување и толкување од италијански јазик на македонски и обратно, како и Италијански јазик како странски. Кандидатката понатаму напредува со избор во соработничко звање асистент - докторанд за научните области Романистика и Историја на книжевноста со Одлука донесена на 2.6.2015 година на 123. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, каде што денес успешно ги извршува работните обврски.

Почнувајќи од академската 2010/11 сè до тековната 2019/20 кандидатката д-р. Јована Караникиќ Јосимовска е ангажирана на групата Италијански јазик и книжевност за изведување на вежби по следните предмети: Фонетика на италијански јазик, Синтакса на италијански јазик 2, Италијанската книжевност од почетоците до 14-ти век, Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот, Италијанскиот романтизам и книжевноста на 19-ти век, Италијанската поезија на 20-ти век, Италијанскиот роман на 20-ти век, Италијанската драма и театар на 20-ти век, Преведување и толкување од македонски на италијански јазик, Преведување и толкување од италијански на македонски јазик, Методика на наставата по италијанска книжевност, Театарот на Карло Голдони, Анализа и интерпретација на италијански книжевни текстови и Деловно-технички превод.

Работниот ангажман на кандидатката за овој период подразбира и настава по италијански јазик како странски јазик за нематични факултети при Униреритет „Гоце Делчев“ – Штип.

Покрај тоа, д-р Караникиќ Јосимовска е редовно вклучена во изготвување на низа воннаставни активности за збогатување на знаењето на студентите. Досега има учествувано во организација на предавања на гости-предавачи од Италија како и во организација на настани по повод Неделата на италијанскиот јазик. Ги има организирано следните настани:

- Предавање на театарскиот режисер Лука Кортина за современиот театар во Италија и во Македонија на 18.12.2012 г.
- Предавање на проф. Паоло Минуто од Универзитетот „Данте Алигиери“ од Реџо Калабрија и филмскиот режисер Масимо Андреи на тема „Il cinema italiano contemporaneo e la scrittura drammaturgica" („Современата италијанска кинематографија и драматургија“) на 14.11.2013 г.

- Работилница на проф. Габриела Б. Клајн од Универзитетот во Перуџа на тема: „Создавање на расизмот преку комуникација: Метод за анализа и студија на случај применети во рамките на проектот РАДАР“ (наслов на италијански јазик: La costruzione del razzismo attraverso la comunicazione. Uno strumento di analisi e studio di casi tratto al progetto RADAR) на 17.3.2016г.
- Предавање на проф. Алфонсо Амендола од Универзитетот во Салерно на тема „Расказ во форма на роза. Вовед во делото на Пјер Паоло Пазолини“ на 17.5.2017г.
- Предавање на тема „Просторот во италијанскиот неореализам“ од м-р Ана Стефановска, докторанд од Универзитетот во Падова на 17.5.2017.
- Настан со студентите од Катедрата насловен *Ricordando i geni: i vincitori italiani del premio Nobel,* („Да се потсетиме на гениите – Италијански добитници на Нобелова награда“) одржан на 15.10.2013 г. на Филолошкиот факултет во Штип по повод XIII Недела на италијанскиот јазик во светот.
- Настан со студентите од Катедрата *Dal Nord al Sud: itinerario letterario guidato dalla letteratura italiana del Novecento (Од север до југ книжевно патување водено од италијанската книжевност на XX век )*, одржан на 24.10.2014г. на Филолошкиот факултет во Штип.
- Предавање на режисерот Данило Кремонте од Перуџа, Италија, на тема „Театарот како прибежиште“ во рамките на XIX Недела на италијанскиот јазик во светот na 5.11.2019 г.
- д-р Караникиќ Јосимовска учествуваше во својство на ментор на студентката Викторија Илиевска во иницијативата за книжевен превод на финалистите на престижната книжевна награда „Стрега“ под наслов „Chi ben comincia ...: scegli l'incipit più bello”, организирана од страна на институцијата „Books in Italy“ во соработка со Министерството за надворешни работи на Република Италија.

Покрај овие активности реализирани на Универзитетот кандидатката има организирано и посета на група студенти од Филолошкиот факултет во Штип на настани организирани во други градови од областа на италијанскиот јазик и култура и тоа:

- Организирана посета на група студенти од Катедрата за италијански јазик и книжевност на lectio magistralis по повод 150 години од раѓањето на *Луиџи Пирандело* на проф. Рино Капуто од Универзитетот „Tor Vergata“ од Рим на 28.04.2017г. на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.
- Презентација на студиските програми на Филолошкиот факултет при УГД во СОУ Гимназија „Гоце Делчев““ од Куманово на 15.05.2017 г.
- Посета на група студенти од Филолошки факултет на предавање на писателот Клаудио Магрис на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје 17.11.2017г.
- Организирана посета на Денови на комедија 2012 во Куманово на претставата „Бетија“ од Анџело Беолко Руцанте во изведба на Велешки театар на 9.10.2012 г.

## 2.2. Научно-истражувачка дејност

### *2.2.1 Трудови објавени во домашни и меѓународни научни списанија*

д-р Јована Караникиќ Јосимовска се занимава и со научно-истражувачка дејност од областа на италијанската книжевност и сродни дисциплини. Како резултат на таа активност ги има објавено следните научни и стручни трудови во земјава и странство:

*Единици на кирилица*

1. Караникиќ Јосимовска, Јована и Велинова, Ева, (2019), *Компетенции и методи при евалуација и оценување во наставата по италијански јазик и книжевност на странски студенти.* Годишен зборник на Филолошкиот факултет - Штип, X (13). стр. 81-95;

Во овој труд авторките го споделуваат искуството од евалуацијата, оценувањето и проверката на знаењата во наставата по италијанска книжевност во рамки на Студиската програма по италијански јазик и книжевност на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип. Трудот нуди преглед на организацијата, структурата и програмата на наставата по предметите од областа на италијанска книжевност на Филолошкиот факултет при УГД. Понатаму, авторките се осврнуваат на книжевниот текст како центар околу кој гравитираат сите учесници вклучени во наставата по книжевност, притоа водејќи сметка за компетенциите што има за цел да ги развие кај студентот во текот на студиите. Потоа се претставени различните методи на оценување применети досега, вклучително и активности кои поттикнуваат употреба на нови технологии заедно со различни алатки и средства за проверка на знаењето, како што се пишаните и усни тестови, секогаш земајќи ги предвид остварените резултати.

2. Караникиќ Јосимовска, Јована (2017), *Прекарите и нивното место во литературниот превод.* „Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици“-Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција одржана на 21-22 ноември 2013 год. во Скопје. стр. 231-240.

Овој труд е од интердисциплинарен карактер и покрај книжевната ономастика како централна тема, ги опфаќа и полето на науката за превод и културологијата. Авторката ги претставува прекарите како елемент од културлошко значење во книжевноста, чијашто важност станува уште повидлива преку литературен превод од еден на друг јазик, односно при пренесување на содржината на прекарот од една во друга култура. Преку преглед на неколку теориски поставки на книжевната ономастика и анализа на конкретни примери преземени од неколку дела од македонската современа проза преведена на италијански јазик прикажани се стратегии за превод на прекарите и креативни решенија на преведувачите, истовремено обрнувајќи внимание на сложената и богата содржина на овој вид на именки.

3. Велинова, Ева, и Караникиќ Јосимовска, Јована (2015), *Карло Голдони и реформата на италијанскиот театар*, Годишен зборник 2015 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 6 (1). стр. 185-189.

Трудот ги разгледува аспектите на книжевната реформа која Карло Голдони ја воведува во XIX век на италијанската сцена и нејзината неминовна поврзаност со моралната реформа на италијанскиот театар. Со цел да го илустрираат значењето на театарската иновација која ја носи Голдони, авторките ги разгледуваат општествените услови во Италија, историјата на италијанскиот театар и примената на новите театарски постапки во неговата најпозната комедија „Гостилничарка".

4. Караникиќ Јована (2013), *Имињата од странско потекло како културни референци при превод на книжевни текстови,* Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, IV, стр. 191 – 200.

Трудот од Јована Караникиќ Јосимовска претставува интересна традуктолошка анализа која се фокусира на преведувањето имиња од странско потекло во рамките на книжевните преводи од македонски автори на италијански јазик. Како конкретни примери се наведени две странски имиња: Вилијам и Ричард кои се дел од три расказа: „Антологичарот" од Драги Михајловски, романот „Тесно море" од Борис Вишински и романот „Ѕиркачот" од Александар Прокопиев. Авторката на трудот јасно укажува на комплексноста на преводот на овие антропоними бидејќи во конкретните текстови тие се обременети со низа конотативни значења, што претставуваат предизвик за преведувачот, но и одговорност доколку преводните решенија не се соодветни. Од друга страна, конотациите укажуваат и на однос кон англофонската култура, што, пак, наметнува потреба таквиот однос меѓу културите да се наметне и во јазикот-цел.

5. Караникиќ Јована (2013), *Глобализацијата и современата италијанска литература*, Зборник радова са научног скупа „Наука и глобализација" 8 (2), Пале 17-19 мај 2013 Универзитет у Источном Сарајеву, Филозофски факултет; pp. 725-731.

Овој труд претставува осврт кон аспектите на глобализацијата во современата италијанска книжевност. Во првиот дел на трудот се нуди вовед во денешното италијанско општество, обрнувајќи посебно внимание на книжевното творештво и неговите лингвистички и текстуални карактеристики. Во вториот дел од трудот се претставени резултатите од анализа на четири репрезентативни дела која е фокусирана на јазичните елементи во текстовите кои се под влијание на процесот на глобализација. Последниот дел на трудот е свртен кон содржинското ниво на текстовите, нагласувајќи ги главните проблеми кои се обработени во романите, како што се: миграција, култура и економија.

6. Караникиќ Јована (2013), *Италијанската книжевност на миграција како модел за меѓукултурно учење,* Зборник на научни трудови, Четврта меѓународна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“, стр. 161 -164.

Трудот нуди приказ на релативно новата книжевна и, пред сѐ, и општествена појава во Италија – мигрантската книженост. Во првиот дел е претставен развојот на овој феномен во Италија и неговите општи карактеристики, додека во вториот дел се разгледува неговиот потенцијал во поглед на меѓукултурната размена која станува сѐ повеќе неопходна во Италија, како и во секое современо општество. Опфатени се две рамништа на разгледување: специфичниот јазик употребуван во овие дела, збогатен со нови термини од други јазици и темите кои обработуваат секојдневни ситуации низ кои минуваат мигрантите во Италија и на кои има потреба да им се обрне поголемо внимание.

7. Караникиќ Јована (2013), *Македонската проза и поезија на италијански јазик*, Литературен збор 4 – 6, Скопје, стр. 99 – 105.

Трудот прикажува дел од резултатите од поголемо истражување од областа на преведувањето од македонска книжевност на италијански јазик. Авторката нуди осврт кон досегашните преводи од македонското поетско и прозно творештво на италијански јазик, посочувајќи ја и соодветната критичка литература. Со оглед на тоа што многу малку внимание е посветено на проучување на приемливоста на македонската литература во Италија, во споредба со книжевната врска во спротивна насока, трудот придонесува за надополнување на тој недостаток, имајќи ги предвид придобивките за нашата замја од соодветниот прием на македонската литература не само во Италија, туку и во странство, воопшто.

8. Караникиќ Јована **(**2012), *Предизвик и преводливост на топонимите: Стара чаршија и Бит-пазар во италијанските преводи на современата македонска книжевност,* Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, III, стр. 129 – 135.

Трудот има за цел да ја прикаже топономастиката како важна компонента во еден книжевен текст која заслужува особено внимание при превод. Претставени се преведувачките решенија и можните стратегии на преведување на два топонима: Стара чаршија и Бит-пазар, кои се среќаваат во неколку текстови од современи македонски автори, преведени на италијански и на англиски јазик.

9. Караникиќ Јована **(**2011), *Студиите на Лаура Салмон Коварски за превод на сопствените имиња и нивна примена во преводите од македонската книжевност на италијански јазик,* Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, II, стр. 255 – 263.

Трудот нуди приказ на основните теориски поставки во книжевната ономастика кои го истакнуваат значењето на сопствените имиња во еден текст, обрнувајќи особено внимание на студиите на Лаура Салмон Коварски за превод на лични имиња како корисни инструменти при подобрувањето на квалитетот на преводот. Посочени се стратегии за преведување на сопствените имиња кои споменатата славистка ги нуди како решенија, а преку примери од дела на автори од македонска наратива преведена на италијански јазик прикажана е применливоста на резултатите од овие студии.

*Единици на латиница*

10. Karanikikj Josimovska, Jovana (2018), *La mappatura letteraria come strumento della didattica della letteratura italiana*, “Geocritica e geopoetica nella letteratura italiana del Novecento”, a cura di A.Gjurcinova e I.Talevska, Università Ss Cirillo e Metodio di Skopje, Facoltà di Filologia Blaže Koneski, Skopje, 97-103;

Во овој труд авторката го прикажува искуството со користење на книжевна картографија во наставата по италијански јазик за студентите во Македонија. Авторката ги претставува резултатите од една интерактивна вежба изведена со студентите со цел да им се понуди метод кој би можел да го поттикне читањето кај новите генерации преку користење на современите средства за комуникација кои им се омилени. На тој начин трудот се фокусира на овој модел на геореференцијално читање со помош на апликацијата Google Maps која покрај користење на географски мапи од целиот свет овозможува и креирање на сопствени мапи и внесување ознаки и дополнителни информации во врска со местото од страна на корисниците. На тој начин, студентите биле повикани да ги „мапираат“ местата во кои се одвиваат дејствата раскажани во романите вклучени во програмата по предметот Италијанскиот роман на 20-ти век. Во вториот дел од трудот се прикажани резултатите од прашалникот за студентите кои учествувале во активноста, истакнувајќи ги придобивките за ваквиот вид на активности на час, но и наведувајќи ги одредените потешкотии со кои се соочиле студентите во текот на изведувањето на активноста. Во завршниот дел од трудот, е ставен акцент на позитивниот исход на активноста преку наведување на дополнителни активности кои произлегле од тоа искуство во рамки на Катедрата, како и размислувањата и заклучоците кои оваа активност ги поттикнала кај студентите.

11. Karanikikj Josimovska Jovana (2017), *Inclusion and Exclusion by Means of Language in Italian Migrant Literature*, “Horizons de Recherche/Research Horizons III”, ed: Soncini Fratta Anna Paola, Emil di Odoya: Bologna, 2017, 185 – 203.

Со овој труд авторката учествува во опишувањето на една специфична книжевна и јазична ситуација во Италија која веќе долго време со право е предмет на интерес на современите научни дисциплини од оваа област. Овој труд претставува проучување на дискурзивните техники и процедури за вклучување и исклучување на групи и индивидуи кои можат да се согледаат во италијанската мигрантска

книжевност. Трудот се заснова на анализа на три прозни автобиографски текста кои припаѓаат на горенаведената категорија. Во првиот дел од трудот авторката нуди краток вовед во теоретската рамка на која се темели анализата на текстовите, додека вториот дел на трудот претставува преглед на резултатите. Преку анализата на текстовите се издвоени и класифицирани техниките и стратегиите кои авторите ги користат за градење на идентитет на група и изразување на нивниот социјален идентитет.

12. Karanikikj Josimovska Jovana, Gjorgjievska Eva (2017), *La valutazione e la verifica nell'insegnamento della letteratura italiana in un contesto di italiano LS: una continua sfida*, "Assessment in Foreign Language & Literature Teaching", ed: Nikodinovska Radica, Ss. Cyril and Methodius University – Skopje, Blaže Koneski Faculty of Philology: Skopje, 263-276**.**

Во овој труд авторките ги презентираат процесите на евалуација, оценување и проверка на знаењето во изучувањето на италијанската книжевност во склоп на програмата на Филолошкиот факултет во Штип. Првиот дел од трудот се сосредоточува на компетенциите кои студентот ги стекнува преку следење на наставата. Потоа се дава приказ на различните методи на настава кои биле претходно користени, но, исто така, се презентира и воведувањето на нови технологии заедно со поинаков начин на тестирање и проверка на знаењата на студентите. Оттука произлегуваат и заклучните согледби во врска со резултатите добиени од секој од употребените методи.

13. Karanikikj Josimovska Jovana (2016), *Application of ICT tools in teaching literature*, Horizons de Recherche/Research Horizons II., n.3, Emil di Odoya: Bologna, 179-184.

Во овој труд авторката го презентира позитивното искуство од користењето на ИКТ (Информациски и комуникациски технологии) во наставата по италијанска книжевност на Филолошкиоте факултет при Универзитет „Гоце Делчев“. Воведниот дел на трудот нуди краток преглед на ИКТ алатките и нивната примена во оваа наставна средина. Понатаму, прикажан е опис на наставната средина и можностите на кои ги нуди за вклучување на горенаведените средства: тргнувајќи од аудио и видео материјали преку кои студенти имаат можност да гледаат екранизирани адаптации на драмски дела од програмата и да слушнат поезија рецитирана од страна на реномирани актери, преку адаптации на класична литература во различни и иновативни формати достапни на Интернет, користење на електронската платформа за учење Moodle и придобивките од неа до модерни апликации на Интернет кои се користат со цел да го надополнат материјалот предвиден со програмата. На крајот од трудот, прикажани се примери на дополнителни активности овозможени од страна на ИКТ алатки кои ги прошируваат границте на самиот предмет, а со тоа и влијанието врз студентите.

14. Karanikikj Jovana (2014), *La costruzione sociale dell'identità attraverso il linguaggio nella letteratura italiana della migrazione* in «.La lingua variabile nei testi letterari, artistici e funzionali contemporanei. Analisi, interpretazione, traduzione» Testi presentati in CD al XIII Congresso della SILFI (Società internazionale di linguistica e filologia italiana) Palermo, 22-24 settembre 2014.

Овој труд тргнува од едно поголемо истражување за јазичните елементи кои придонесуваат при конструкција на идентитетот и категоризација на мигрантот во италијанската мигрантска нижевност. Целта на трудот е да сподели дел од резултатите од истражувањето, истовремено нудејќи методолошки пристап базиран врз студии од областа на етнометодологијата. Идентитетот во рамките на овие студии се гледа како процес на постојана конструкција кој се одвива преку секојдневните интеракции на индивидуата, меѓу кои и пишаните текстови. Трудот нуди конкретни примери на примена на методите користени во рамките на етнометодологијата, меѓу кои анализа на категории, врз три наративни автобиографски текста од италијанската мигрантска книжевност: *Il mio viaggio della speranza dal Senegal all'Italia in cerca di fortuna* од Бај Мадемба, *Il mio nome è regina* од Марија Реине Тое и *In fuga dalle tenebre* од Жан Пол Пугала.

15. Karanikikj Jovana (2014), *Membership Categorization Analysis as a Tool in the Studies of «Migrant Literature»*, Horizons de Recherche/Research Horizons, Alumni C.L.E Recherche, Conference Proceedings from July 5$^{th}$, 2013, 1, Casa edittrice Emil di Odoya srl, 131 – 143.

Во овој е претставен дел од резултатите од поголемо интердисциплинарно истражување за италијанската мигрантска нижевност, нудејќи нов аналитички пристап кон овој културен феномен во Италија. Терминот „италијанска мигрантска книжевност" се однесува на поджанр што се развива во Италија во последните неколку децении од страна на автори мигранти кои избираат да пишуваат на италијански јазик. Споменатото истражување ги анализира текстовите кои припаѓаат на оваа категирија од етнометодолошка и социолингвистичка перспектива со цел да се издвојат елелменти во текстот преку кои авторите се катеогоризираат како „мигранти". Овој текст нуди конкретни примери на примена на анализа на категории врз романот *Porto il velo, adoro i Queen* од Сумаја Абдел Кадер.

16. Karanikikj Jovana (2013), *I toponimi e il loro significato culturale nelle traduzioni dalla letteratura macedone in italiano* in Il Nome nel testo Rivista internazionale di onomastica letteraria XV, Atti del XVII Convegno internazionale di Onomastica e Letteratura, Università degli studi di Macerata, pp. 243 – 250.

Во овој труд се прикажани резултатите од анализа на топоними употребени во текстови од македонска книжевност преведени на италијански јазик и нивната врска со македонската култура. Фокусот на анализата се преведливоста на топонимите и можните преведувачки стратегии. Претставени се решенијата на преведувачите на анализирани дела од македонска наратива преведена на италијански јазик, при што се издвоени три вида на преведувачки решенија: транслитерација, семантичка реконструкција и експликацја. Највпечатлив случај што може да се издвои од анализата е кога едно исто место е пренесено со различни решенија кај повеќе преведувачи и културните алузии што произлегуваат од нив.

17. Karanikikj Jovana (2013) *The Italian literature of immigration as a cultural crossroad: the significance of realia and onomastic elements in the narrations*, Kulture u dijalogu. Knjizevnost i multikulturalnost, 2, Univerzitet u Beogradu, Filoloski fakultet, pp. 329-339.

Целта на овој труд е да се истакне важноста на италијанската мигрантска книжевност во меѓукултурен контекст преку преглед на елементи во текстот кои се специфични за една култура, како што се „реалиа“,односно зборови што означуваат објекти, предмети, идеи и појави типични исклучително за една определена култура и книжевната ономастика во три популарни романа на авторите Лајла Вадја и Амара Лакхус. Првиот дел од трудот нуди краток вовед во италијанската мигрантска книжевност: развој и претставителни автори, како и нејзиното место во рамките на современата италијанска книжевност. Вториот дел од трудот е фокусиран на резултатите од текстуална анализа на споменатите дела, која ги идентификува елементите кои се специфични од меѓукултурна гледна точка и ја објаснува нивната функција. Тоа се случаи кога има промена на името на ликот во текот на нарацијата преку која симболично се претставува соочувањето на ликот со новиот културен контекст, како и присуство на голем број референци од италијанската и „другата“ култура: наслови на книги, филмови, песни, имиња на автори, актери и други важни личности. Во некои случаи писателите успеваат да ги спојат двете референци во една нова и оригинална, симболична рефлексија на коегзистистенцијата на двата културни идентитета.

18. Karanikikj Jovana (2012)*, L'aspetto culturologico dell'antroponimia letteraria nelle traduzioni della narrativa macedone in italiano*, in Il Nome nel testo Rivista internazionale di onomastica letteraria XIV, Atti del XVI Convegno internazionale di Onomastica e Letteratura, Università degli Studi di Pisa; pp.245 – 258.

Трудот има за цел да ја претстави книжевната антропонимија како компонента од голема важност што се однесува до културолошките проблеми при книжевни преводи. Во текстот конкретно се разгледуваат три категории на антропоними: имиња на лица, изведените форми на имињата на лица, прекарите и

странските имиња. Преку анализа на примери од преводи од македонска книжевност на италијански јазик авторката го истакнува културолошкото и социопрагамтичното значење и проблемот на нивната преводливост.

*2.2.2. Наставен материјал*

Кандидатката ги има објавено следните учебни помагала за потребите на наставата по италијанска книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

19. Ѓорѓиевска, Ева; **Караникиќ, Јована** (2015), *Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот* – скрипта, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Ракописот со наслов „Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот“ претставува една етапа од дијахрониски поставеното изучување на италијанската книжевност, кое започнува со XIII век, а се протега сè до современата италијанска литература. Ракописот е првенствено наменет за студентите од групата Италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, конкретно, за предметот Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот којшто е предвиден во четвртиот семестар од студиите. Тој има за цел да ги предочи одликите на овој период од италијанската литература и култура, да ги запознае студентите со најзначајните претставници на тој период и да ги воведе во анализа на нивните дела. Трудот им пристапува селективно на содржините на споменатиот период и понудува синтеза на она што секој иден италијанист би требало да го има како културолошка основа во својата професија.

20. Ѓорѓиевска, Ева; **Караникиќ, Јована** (2015), *Практикум по предметот Италијанската книжевност на барокот, просетителството и неокласицизмот*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Ракописот со наслов „Практикум по предметот Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот“ од д-р Ева Ѓорѓиевска и м-р Јована Караникиќ претставува учебно помагало адаптирано на содржините од вежбите по предметот Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот, кој студентите од групата Италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип го слушаат во четвртиот семестар со фонд на часови 2+2+1. Ракописот е надополнување на скриптата по истиот предмет и е структуиран со цел да одговори на секоја од наставните содржини поделени во поглавја. Авторите имале за цел преку практикумот да се овозможи полесно совладување на материјалот, на повеќе начини: преку одговарање на прашања, преку понудени модели на анализа на одделни поглавја од избрани текстови и преку толкувања кои ги разгледуваат понудените текстови во поширок контекст на интерпретации. Ракописот го следи дијахронискиот пристап на италијанската книжевност од скриптата по истиот предмет, поставувајќи последователно прашања за литературата на барокот, просветителството и неокласицизмот. Вториот дел содржи извадоци од поетски, прозни и драмски текстови со понудени матрици на анализа на конкретни делови. Третиот дел од практикумот, слично како и првиот, се состои од прашања кои овој пат се однесуваат на трите задолжителни лектири вклучени во изучувањето на барокната и просветителска литература.

### *2.2.3. Учество на научни собири и конференции*

Наставно-образовната и научноистражувачката дејност на кандидатката опфаќа и учество на повеќе научни конференции во Македонија и странство, од кои од особена важност се научните собири од областа на италијанистиката во Република Италија.

21. Меѓународна конференција „L'italianistica nel terzo millennio: le nuove sfie nelle ricerche linguistiche, letterarie e culturali", Филолошки факултет „Блаже Конески",
    Скопје, 27-28 септември 2019 г.
    Наслов на реферат: La scrittura autobiografica come strumento di autocostruzione: il caso degli scrittori migranti in Italia.

22. Учество како стипендист на 16-та Меѓународна конференција на Интернационалното здружение за прагматика (16th International Pragmatics Conference),
    Хонг Конг, 9-15 јуни 2019 г.
    Наслов на реферат: *The nominal address form "fratello" and its functions in migrants' autobiographies in Italian*.

23. Меѓународна научна конференција „Geocritica e geopoetica nella letteratura italiana del Novecento."
    Охрид, Македонија, 16-17 септември 2017г.
    Наслов на реферат: *La mappatura letteraria come strumento nella didattica della letteratura italiana*.

24. „НЕМЛА 2017" - 48-ми Годишен конгрес на НЕМЛА (Здружение за современи јазици на Североисточна Америка),
    Балтимор, САД, 23-26 март 2017г.
    Наслов на реферат: *Membership categorization in the African migrant writers' autobiographies*.

25. Меѓународна научна конференција „La valutazione nell'insegnamento/apprendimento delle lingue straniere", Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје
    Скопје 12 септември 2016г.
    Наслов на реферат: *La valutazione e la verifica nell'insegnamento della letteratura italiana in un contesto di italiano LS: una continua sfida*.

26. Меѓународна научна конференција „Journée Alumni CLE"
    Мулуз, Франција, 29 јуни 2016 г.
    Наслов на реферат: *Inclusion and exclusion by means of language in the Italian migrant literature*.

27. XIV Меѓународен конгрес на меѓународно здружение за италијанска лингвистика и филологија „SILFI 2016",
    Мадрид, Шпанија, 4-6 април 2016г.
    Постер: *L'italiano come lingua di apprendimento interculturale: un'esperienza di progetto Gruntdvig con la comunità di immigrati di Perugia*.

28. Меѓународна конференција „Parallelismi linguistici, letterari e culturali“, Convegno internazionale in occasione dei 55 anni di Studi italiani presso l’Università “Ss.Cirillo e Metodio” di Skopje, во организација на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
    Охрид, 13 – 15 септември 2014.
    Наслов на реферат: *Tecniche e procedure discorsive di inclusione e di esclusione nella letteratura italiana della migrazione*.

29. Меѓународна научна конференција „ITALIANISTICA 2.0” на „AIBA Associazione degli Italianisti nei Balcani” организирана од страна на Филолошкиот факултет при Универзитетот во Бања Лука,
    Бања Лука, Босна и Херцеговина, 5-7 јуни 2014 г.
    Наслов на реферат: *La letteratura e le Nuove Tecnologie: un’esperienza di utilizzo dello Web 2.0 nella didattica della letteratura italiana*.

30. Меѓународна научна конференција „Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици”, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.
    Скопје, 21-22 ноември 2013
    Наслов на реферат: *Прекарите и нивното место во литературниот превод*.

31. Меѓународна научна конференција „Наука и савремени универзитет 3“, Филозофски факултет во Ниш,
    Ниш, Србија, 15-16 ноември 2013г.
    Наслов на реферат: *Етнометодолошки приступ у анализи мигрантске књижевности.*

32. Меѓународна научна конференција „Наука и глобализација“ Универзитет у Источном Сарајеву, Филозофски факултет Пале Пале,
    Пале, Босна и Херцеговина, 17 – 19 мај 2013г.
    Наслов на реферат*: Глобализација и савремена италијанска литература*.

33. Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток-Запад“, Корпоративен Меѓународен Славјански Универзитет Николе – Тамбов,
    Свети Николе, 19 – 20 април 2013г.
    Наслов на реферат: *Италијанската книжевност на миграција како модел за меѓукултурно учење*.

34. Меѓународна конференција „XVII Convegno di Onomastica e Letteratura“ Università degli studi di Macerata,
    Мачерата, Италија, 11-13 октомври 2012 г.
    Наслов на реферат: *I toponimi e il loro significato culturale nelle traduzioni dalla letteratura macedone in italiano.*
35. Меѓународна научна конференција „Културе у дијалогу“, Филолошки факултет, Белград,
    Белград, 27 – 30 септември 2012г.
    Наслов на реферат: *The Italian literature of immigration as a cultural crossroad: the significance of realia and onomastic elements in the narrations*.

36. Меѓународна конференција „XVI Convegno di Onomastica e Letteratura“ Università degli studi di Pisa,

Пиза, Италија, 24-26 ноември 2011г.
Наслов на реферат: *L'aspetto culturologico dell'antroponimia letteraria nelle traduzioni della narrativa macedone in italiano.*

***2.2.4 Учество во научноистражувачки проекти***

Кандидатката има учествувано во следните научноистражувачки проекти реализирани во рамките на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев":

37. „Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование", Филолошки факултет (2018).
38. „Ментор"- организиран од ПСД-Груп во соработка со УГД (2016).
39. „Стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување преку примена на најновите транслатолошки достигнувања и технологии", Филолошки факултет (2016).

***2.2.5 Студиски престој***

40. Во рамките на својата научноистражувачка дејност треба да се напомене дека д-р Караникиќ Јосимовска има остварено подолги студиски престои во странство, конкретно при Универзитетот во Перуџа и тоа во периодот:

- од 3.10. - 21.10.2016 г.,
- од 30.6. до 22.8.2014 г.,
- од 9.1. до 23.1.2014 г.,
- од 1.9. до 27.9.2013г.,
- од 1.7. до 1.8.2013 г.,
- од 4.6. до 17.6.2012г.

***2.2.6 Членство во уредувачки одбор на научно списание***

41. Кандидатката е член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание *Палимпсест* од основањето на списанието во 2015 г.

Согласно наведените податоци слободни сме да констатираме дека кандидатката д-р Јована Караникиќ Јосимовска покажала солидни резултати во полето на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност. Таа дала значаен придонес во развојот на наставните содржини за неколку предмети од областа на италијанската книжевност и култура, како и од областа на преведувањето, особено преку подготовката на неопходните скрипти и учебни помагала. Што се однесува, пак, до нејзиниот академски раст и развој, преку бројот и квалитетот на најзините публикации таа се потврдува како особено љубопитен и темелен научник и истражувач.

***3. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на кандидатката опфаќа учество на разни видови активности организирани во Македонија и во странство од

областа на италијанистиката и сродни дисциплини, како и членство во релевантни совети и здруженија од својата област:

42. Член на Наставно-научен совет на Филолошки факултет (2015 - 2017).
43. Член-основач на Здружение на професори по италијански јазик во Македонија.

Кандидатката се занимава со литературен превод од италијански на македонски јазик, и досега се објавени следните преводи:

44. *Училиште за балет: Нова ѕвезда* од Аурора Марсото,
    Просветно дело, Скопје, 2012г.
45. *Училиште за балет: Сонување на прсти* од Аурора Марсото,
    Просветно дело, Скопје, 2011г.

46. Кандидатката е поставена и за судски преведувач по италијански јазик и обратно за подрачјето на Основен суд Куманово, согласно Решение бр. 07-4119/2 од 8.11.2010 г. издадено од страна на Министерство за правда на Р.М.

47. По покана на библиотеката „Вила Урбани“ на 13.01.2014 г. во Перуџа, д-р Јована Караникиќ Јосимовска има одржано предавање за македонската книжевност и преводите на италијански јазик, со посебен осврт на делото „Ѕиркачот“ од Александар Прокопиев во рамките на циклусот книжевни средби „Sul filo delle parole“.

48. д-р Јована Караникиќ Јосимовска е ангажирана како организатор и предавач во рамките на проектот по автобиографско пишување и меѓукултурно учење за припадниците на имигрантската заедница на Перуџа, проект одржан од 09 до 23 јануари 2014г. под супервизија на проф. д-р Габриела Клајн од Универзитетот во Перуџа и поддржан од страна на програмата за доживотно учење „Грундвиг“ на Европската Унија.

49. За својата активност како проучувач на италијанскиот јазик и книжевност и меѓукултурните врски помеѓу Италија и Македонија, кандидатката е добитник на признание за придонес кон ширењето на италијанскиот јазик и култура од страна на Министерството за надворешни работи на Република Италија.
50. Во 2012 година кандидатката е ангажирана како експерт по италијански јазик за обука на невработени лица во рамките на проектот “In support to the employment of young people, long-term unemployed and women” – Компонента 2 на ИПА програма за I и III циклус пд проектот.

51. Кандидатката редовно и активно учествува на обуки и семинари за усовршување на методско-дидактичките вештини и останати релевантни способности. Досега учествувала на следните обуки:

- Обука за наставници по италијански јазик „Coinvolgere, divertire, imparare: riflessioni e spunti per una didattica dell'italiano LS per ragazzi, integrata con le nuove tecnologie“ (Вклучување, забава и учење: идеи за настава по италијански како втор јазик за деца интегрирана со нови технологии) организирана од страна на Здружението на наставници по италијански јазик во Македонија со поддршка од Амбасадата на Р.Италија во Македонија, Скопје, 22-23 февруари 2019 г.

- „Maratona didattica online“ – Обука за наставници по италијански јазик во светот, организирана од страна на италијанската издавачка куќа Alma Edizioni на 18 ноември 2017 г.
- Обука на наставници по италијански како странски јазик, „La scrittura creativa e la scrittura funzionale: modelli per l’insegnamento (Креативно и функционално пишување: модели за настава)“, Институт „Данте Алигиери“ и Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје , 2-3 декември 2016 г.
- Обука на наставници по италијански како странски јазик, „Евалуација на јазично-комуникативната компетенција на италијанскиот како странски јазик“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 15 -16 септември 2016 г.
- Обука на наставници по италијански јазик организирана од страна на Универзитетот за странци во Перуџа, Република Италија, 6. до 24. јули 2015 г. во три модула:
    - I – Италијанската култура и цивилизација во наставата по италијански јазик,
    - II – Лингвистика,
    - III – Дидактика.
    - За учество на оваа обука кандидатката има добиено стипендија од страна на Амбасадата на Р. Италија во Скопје.
- Обука на наставници по италијански јазик во Република Македонија. Организатори: Универзитет „Ка Фоскари“ – Венеција, Институт „Данте Алигиери“ – Скопје, Амбасада на Република Италија – Скопје:
    - I фаза: 20 – 21 јуни 2014 г. (Филолошки факултет „Блаже Конески “ – Скопје;
    - II фаза: септември 2014 г. (он-лајн настава);
    - III фаза: 4 – 5 октомври 2014г. (Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје).
- Меѓународен семинар „Working for Europe.com”, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје и Универзитет „Католика“ од Милано, Скопје, 29-30 септември 2014.
- Giornata informativa “Azioni Marie Sklodowska - Curie”- Универзитет во Перуџа, 3 јули 2014 г.
    - Денови на учење: Certificare la lingua italiana: obiettivi e modalità (Сертификат за познавање на италијански јазик: цел и услови) Зошто да го одберете сертификатот PLIDA? Институт „Данте Алигиери“ – Скопје и Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје, 18 октомври 2013 г.
- Обука на наставници по италијански јазик во Република Македонија, април-јуни 2013 г. Организатори: „Ка Фоскари“ – Венеција, Институт „Данте Алигиери“ – Скопје, Амбасада на Република Италија – Скопје.
    - I фаза: 26 – 27 април 2013 г. (Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје),
    - II фаза: мај 2013 (он-лајн настава),
    - III фаза: 25 – 26 јуни 2013 (Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје).
- „Proz.com’ - Регионална конференција за преведувачи и толкувачи од Балканот и земјите од ЈИЕ, 1 октомври 2011 г.
- Напреден курс по италијански јазик (ниво C1 и C2) при “Università per stranieri“ од 2 јули до 21 август 2007 г. во Перуџа, Италија, овозможен преку стипендија од Амбасадата на Република Италија.

Покрај горенаведените активности, кандидатката е вклучена активно и во неформалното образование како евалуатор, обучувач и координатор на проекти за млади.

52. Евалуатор на апликации во рамките на Еразмуз + програма при Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (период на ангажман: 2014-2018).
53. Член на „База на обучувачи" при Национален младински совет на Македонија.
54. Обучувач по Интеркултурно учење во рамките на проектите:
    - „Промовирање на младински активизам во мултиетнички заедници" организиран од ЦИД Македонија, 2019 г.
    - „Волонтирај-резултирај" организиран од страна на „Креатор", Македонија 2019г.
    - „Грундтвиг" работилница за Интеркултурно учење и автобиографско пишување во соработка со организациите „Key and Key Communications" и Центар за интеркултурен дијалог од Куманово, Перуџа, Италија, 2014 г.
    - Обука „Young Citizens for Intercultural Europe" Македонија 2008 г.
    - Младинска размена „ Backpacking European Cultures", Италија 2008 г.
    - Координатор на волонтерски камп „МедФест", Италија 2008 г.
    - Физибилити студија "Short term visit for a long term cooperation MK – CZ", Македонија 2006 г.
    - Семинар „European Cultural Mosaic", Македонија 2006 г.
    - Младинска размена „Art – our common language", Македонија 2006 г.
    - Семинар „Colours of the Autumn", Република Чешка 2006 г.
    - Пилот проект за образование за човекови права „Active Weekend - Active Youngsters" Македонија 2005 г.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на Законот за високо образование на Р.С. Македонија, Правилникот за критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и според целокупната приложена документација Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната актива на кандидатката д-р Јована Караникиќ Јосимовска и смета дека ги исполнува сите критериуми за избор во звањето доцент. Кандидатката д-р Јована Караникиќ Јосимовска постигнала значајни резултати во полето на наставно-образовната, научно-истражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Таа покажува прогресивен развој и континуирано стручно усовршување во својата област, за што сведочат бројот и квалитетот на приложените трудови. Врз основа на сето тоа Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип **д-р Јована Караникиќ Јосимовска да ја избере во звањето доцент за наставно-научната област Романистика и Историја на книжевностите на романските народи.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Анастасија Ѓурчинова, редовен професор, претседател, с.р
2. Радица Никодиновска, редовен професор, член, с.р.
3. Лучијана Гуидо Шремпф, редовен професор, член, с.р

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Избор во звање помлад асистент | | | | | 10 |
| 2. | Избор во звање асистент докторанд | | | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | Поени | број | поени | |
| 1.. | Дел од монографија или научна книга (активност бр.19 и 20) | 2 | 6 | | | 12 |
| 2. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>Прв автор (труд бр. 1,4,8,9,)<br>Втор автор (труд бр. 3) | 4<br>1 | 9<br>6 | | | 42 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>(во земјата: труд бр. 2,6,10)<br>(во странство: труд бр. 5, 11,14,15,16,17,18) | 3 | 2 | 7 | 3 | 27 |
| 4 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство<br>(во земјата: активност бр.21,23,25,28,30,33)<br>(во странство – усно: активност бр. 22,24,26,29,31,32,34,35,36<br>- постер: активност бр. 27) | 6 | 1,5 | 9<br>1 | 2<br>1,5 | 28,5 |
| 5. | Одбранета докторска дисертација (во странство) | | | 1 | 8 | 8 |
| 6. | Одбранет магистерски труд (во странство) | | | 1 | 4 | 4 |
| 7. | Учесник во научен проект<br>(во земјата: активност бр. 37,38, 39) | 3 | 2 | | | 6 |
| 8. | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/**ЦА**/останати) (активност бр. 41) | 1 | 2 | | | 2 |
| 9. | Студиски престој во странство (активност бр.40) | | 8 | | | 8 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | | | | | **137,5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание (активност бр. 7) | 1 | 2 | | | 2 |
| **2.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (во земјата: активност бр. 12) (во странство: активност бр. 13) | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |
| 3. | Пленарно предавање на стручен собир (активност бр. 47) | | | 1 | 4 | 4 |
| **4.** | Елаборати и експертизи (активност бр. 50) | 1 | 2 | | | 2 |
| **5.** | Стручни награди и признанија (активност бр. 49) | | | 1 | 8 | 8 |
| **6.** | Член на факултетски орган, комисија (активност бр.42 ) | 1 | 2 | | | 2 |
| **7.** | Член на институтски орган, комисија (активност бр. 43) | 1 | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **25** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **192,5** |

.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ КЛИНИЧКА ПСИХОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука број 2002-179/17 од 30.9.2019 година донесена на 230-та седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 30.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден асистент во научната област Клиничка психологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

1. проф. д-р Ленче Милошева, редовен професор за наставно – научните области клиничка психологија и психопатологија, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – претседател.
2. проф. д-р Бојана Димитријевиќ, редовен професор за наставно - научната област клиничка психологија, вработена на Универзитетот во Ниш, Департмент за психологија и Клиника за психијатриски болести „Др. Лаза Лазаревиќ“ во Белград – член.
3. доц. д-р Стојан Бајрактаров, доцент за наставно - научната област психијатрија, вработен на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Универзитетска клиника за психијатрија, Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен на 6.9.02019 година во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“ и во предвидениот рок се пријавија:

1. м-р Тамара Митановска,
2. Даниела Костовска,
3. м-р Атанас Иваноски.

Пријавите и доставените документи се во целост разгледани и утврдивме дека кандидатките м-р Тамара Митановска и Даниела Костовска немаат доставено целосна документација, согласно објавениот конкурс.

м-р Атанас Иваноски навремено ги има доставено следниве документи:

1. Диплома од втор циклус на студии и три копии заверени на нотар.
2. Уверение од прв циклус (и заверена диплома од прв циклус) и втор циклус на студии.
3. Уверение за државјанство – еден примерок оригинал.
4. Професионална биографија, во четири примерока.
5. Потврда за користење на еден странски јазик.
6. Препораки од двајца професори.
7. Магистерски труд од областа општа психологија: „Систем на уверувања, самопочит и задоволство од животот кај лица во рана зрелост“ – еден примерок.
8. Список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите.
9. Уверение за државјанство.
10. Одлука за избор во звање.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки му го поднесуваме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот м-р Атанас Иваноски е роден на 9.7.1994 г. во Кавадарци. Основното и средно образование ги завршува како одличен ученик во родниот град. Додипломски студии по психологија завршува на Факултетот за психологија при МИТ Универзитетот - Скопје и се стекнува со назив дипломиран психолог. Веднаш по дипломирањето продолжува на втор циклус на студии на истиот факултет, насока општа психологија. Во 2018 год. ги завршува студиите со просек 9.89 и магистрира со тема со наслов „Систем на уверувања, самопочит и задоволство од животот кај лица во рана зрелост“. Во 2018 год. работел како психолог во ПСУ „Св. Лука“, а во текот на 2019 год. работел како асистент на Факултетот за психологија, МИТ -Универзитет, Скопје.

**Листа на публикувани трудови во списанија:**

1. Ivanoski, A., Pendaroski,M.,& Blazhevska,V.(2017). Development tasks for people from the age of 18 to 21. Forming an identity; emotional stability; taking responsibility; establishing an intimate relationship. International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, 7, 136-149.
2. Ivanoski, A., Pendarovski, M., & Blazhevska, V.(2018). Connection between depressive state and perceived social support among people aged 40 to 65 years. International research journal, 11 (77),104-107.
3. Ivanoski, A.( 2019). Self-esteem, life satisfaction and need for achievement among people in early adulthood. KNOWLEDGE-International Journal, 30 (5).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од целокупната активност на магистер по психологија Атанас Иваноски, може да се заклучи дека станува збор за млад и перспективен психолог кој се развива во областите општа психологија и психологија на личноста. Според Законот за високо образование и член 14 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно– стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „ Гоце Делчев“, Штип, кандидатот за избор во асистент треба да „има стекнато назив магистар во соодветната област“. М-р Атанас Иваноски има стекнато назив магистар по психологија, а не по клиничка психологија. Исто така, и магистерскиот труд не е од областа на клиничко психолошките науки.

Имајќи ги предвид изнесените податоци и факти што се наведени во овој Извештај, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип да не направи избор од пријавените кандидати за асистент во областа клиничка психологија.

**Рецензентска комисија:**
**проф. д-р Ленче Милошева, редовен професор – претседател, с.р.**
**проф. д-р Бојана Димитријевиќ, редовен професор– член, с.р.**
**доц. д-р Стојан Бајрактаров, доцент– член, с.р.**